УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

Магистерска работа:

# *СОЗДАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА И ПОЈАВАТА НА МАКЕДОНСКОТО ЦРКОВНО ПРАШАЊЕ 1943-1946 ГОДИНА*

Ментор: Проф. Д-р Виолета Ачкоска

Изработил: Кирил Чапов

Скопје

2018

## Предговор

Да се проучува и пишува за македонското национално и црковно прашање во еден пресвртен, транзиционен период кога се случуваат радикални промени во политичкиот систем, идеологијата, сопственоста и економијата на македонската современа држава е голема чест и задоволство за секој историчар.

Уште поголема чест е кога сето напишано ќе се стави на хартија и ќе се пренесе на читателите и научната јавност.

Да се дојде до конечната верзија на трудот потребна е макотрпна работа и посветеност, потребна е помош и подршка од многу личности и добронамерници. Поради тоа овој труд е и нивно дело, за што сакам од се срце да им се заблагодарам.

Во Светото евангелие по Матеј ( Глава 10 ) се вели:

*"Ученикот не е над учителот, ниту слугата над својот господар. Доста му е на ученикот да стане како неговиот учител и на слугата како неговиот господар".*

Овој цитат од Светото писмо и го посветувам на една многу драга личност, која со својот пример покажа и докажа како треба да се сака Македонија.

Ја имав честа таа личност да ми биде професор, како одминуваше времето на студирањето, а и покасно, занимавајќи се со пишувањето на магистерската работа сватив дека станува збор за голем педагог, историограф и научник кој целиот свој живот и го посветува на Македонија.

Професорке Ачковска од се срце Ви благодарам.....

## Вовед

Тргнувајќи од богатото историско минато на македонската држава и црква, во еден пресвртен, транзиционен период од најновата историја на македонскиот народ, како иден истражувач, со посредство на мојот ментор проф. Д-р Виолета Ачкоска, се определив да го проучувам македонското национално и црковно прашање од 1943-1946 год.

Историјата на современата македонска држава започнува во текот на антифашистичата борба (во периодот 1941-1944 година) и ќе резултира со одржувањето на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година во манастирот Св. Прохор Пчински каде ќе бидат донесени историските одлуки кој се од големо значење за конституирањето и прогласувањето на македонската држава. Со одржувањето на АСНОМ и донесувањето на државно-конститутивните акти, само ќе се потврди резултатот на тој важен историски момент и на таа долготрајната македонска борба за создавање на македонската држава.

Сепак историјата на македонскиот народ ниту започнува ниту завршува само со донесувањето на решенијата и актите усвоени на Првото заседание на АСНОМ. Македонската историја е испреплетена со многу трагедии, храбри борби, многу предизвици, но и порази. Борбата за своја сопствена држава македонскиот народ ја водеше со векови наназад, борба за национелен идентитет, самостојна македонска црква, јазик, литература и култура.

Првото заседание на АСНОМ е значаен настан кој ќе биде клучен момент за понатамошниот развој на македонското националноослободително движење. Тој ќе ги спои во едно настаните што се случија од крајот на XIX век почнувајќи од националнослободителните движења, буните, востанијата, дејноста на Македонската револуционерна организација, Илинденското востание, Балканските војни и Првата светска војна.

Врз тие основи, народноослободителната и антифашистичката борба на македонскиот народ, ќе ги обедини во себе и сите борби за ослободување,

неброените жртви, но и ќе го потврди правото на самоопределување како трајно и неприкосновено право на македонскиот народ.

Исто така АСНОМ потврди дека државите низ историјата не стекнуваат независност со еднострани акти и документи туку, преку долг макотрпен историски процес, на јакнење на македонската национална свест и спротивставување на пропагандите и аспирациите на нашите соседи.

За тоа зборуваше Крсте Петков Мисирков и повикуваше на борба против пропагандите во Македонија: „...Борбата со пропагандите во Македонија не јет чекор назад, туку напред за шчо и тука имаме работа со борба за слободија, со борба со мрачните сили, шчо не дозволуат на татковината ни само со свои очи да гледат своите интереси, ами и наврзуат дзрзала, шчо омрачуат истината и придаат бугарцка, српцка и грцка боја. Време јет да отфрлиме од очите наши мрежите, шчо ни и кладоа националните пропаганди во Македонија“, неговата мисла ќе биде безвременска, актуелна тогаш кога беше поделена Македонија но и актуелна во 1941 година кога повторно беше окупирана и распарчена Македонија од германските, италијанските и бугарските фашисти. Таа ќе остане актуелна и во времето на поранешна Југославија како и денес кога Македонија е изградена како независна држава.

Во текот на 1943 година народноослободителното движење уште повеќе се развило и омасовило, особено по капитулацијата на Италија. Во овој период ќе бидат формирани и првите регуларни воени единици, а ќе биде воспоставена оперативна соработка со партизанските единици во Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија. Во почетокот на јуни е одржано Преспанското советување на ЦК КПМ по што Главиот штаб го објавува Манифестот на ГШ. На советувањето ќе биде одлучено да се одржи АСНОМ но и да се формира Иницијативен одбор, да се воспостави соработка со АВНОЈ и ЦК КПЈ, но и да се започне воспоставување на органите на народната власт. Во овој период е формиран и Акциониот народноослободителен комитет (АНОК) кој ќе изготви Приговор на текстот на Манифестот на ГШ, по што ќе настанат проблеми помеѓу АНОК и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. Самата суштина на проблемот била околу двата

различни концепта во поглед на прашањето за обединување и ослободување на Македонија. На 2 август 1944 год. во манастирот Св. Прохор Пчински започнало Првото заседание на АСНОМ на кое ќе бидат донесени документи кои ќе имаат државотворен карактер.

На првото заседание, АСНОМ избрал и Президиум од 17 члена на чело со претседателот Методи Андонов Ченто. Подоцна ќе биде формирано и Народното собрание на Македонија и првата Влада на Македонија на чело со Лазар Колишевски. После ова почнуваат неколку процеси како што биле спојувањето на партиските и државните органи, како и отстранување на стручни угледни кадри од власта и политиката. Брутално ќе бидат санкционирани преку апсења, судења и затворања основачите на АСНОМ – Ченто, Брашнаров, Пирузе, Марковски, Полежина, Попандонов и др. За потоа да следи еден период на централизиран еднопартиски систем, систем на репресии и силно изразена поданичка послушност кон одлуките на федералните органи.

Периодот на антифашистичката Народноослободителна борба и непосредно по нејзиното завршување е исклучително значаен за историјата на македонскиот народ и неговите национално-ослободителни стремежи во кои покрај борбата за слобода и државност беше вклучена и борбата за македонска црква како дел од афирмацијата на македонската национална посебност. Благодарение на НОБ на македонскиот народ во текот на Втората светска војна се конституира првата современа држава на македонскиот народ во рамките на југословенската федерација, а подоцна се возобновува Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква.

Христијанството во Македонија започнало да се проповеда уште во апостолско време, и тоа ќе остави длабоки корени во македонската историја.

По прифаќањето на христијанството, апостол Павле станал првиот проповедник на новото учење при своите мисионерски патувања. За време на владеењето на царот Јустинијан била воспоставена архиепископијата Јустинијана Прима а делото на светиот апостол Павле и светиот цар Јустинијан го продолжуваат светите браќа Кирил и Методиј и нивните ученици светите Климент

и Наум Охридски. Во рамките на Самуиловата држава е организирана Охридската архиепископија, врз темелите на Јустинијана Прима. Подоцна, по паѓањето на Самуиловото Царство, како таква ќе опостои цели осум века, сè до 1767 година кога е укината од страна на султанот Мустафа III, а нејзините епархии се присоединети кон Цариградската патријаршија.

Од овој момент па натаму, македонскиот народ прави постојани напори за нејзино обновување. Нејзините епархии смениле неколку јурисдикции од соседните православни цркви. Особено жестоки борби биле водени во втората половина на XIX и првата половина на XX век.

Во 1919 година Цариградската патријаршија постигнува договор со Кралството на СХС за откуп на епархиите во Босна и Херцеговина и Македонија за 1.500.000 франци. Сепак многу е чудно што во периодот од 1918 до 1941 год. кога Србија и Бугарија ќе воспостават окупација над Македонија, веднаш воспоставувале и црковна јурисдикција над епархиите во Македонија.

По капитулацијата и на Италија, во Македонија била создадена слободна територија, што се простирала од Гостивар до Ботун и од Дебар до бугарската окупациска граница. Тогаш била донесена одлука за формирање на Верско поверенство при ГШ за Македонија. Со одлука од 15 октомври 1943 година за верски референт бил назначен свештеникот Вељо Манчевски од Дебар.

По завршувањето на Втората светска војна и создавањето на Македонскта држава во рамките на Југословенската федерација, се поставило прашањето и за создавање на самостојна Македонска православна црква. Во март 1945 год. ќе биде свикан Првиот црковно народен собор на кој се поставило прашањето за автокефална Македонска православна црква за што позитивно се изјаснило македонското православно свештенство, но и македонското политичко раководство. Меѓутоа, за Српската православна црква, ваквите барања биле неприфатливи. Тие барале во епархиите во Македонија да се вратат српските епископи митрополитот Јосиф и митрополитот Викентиј.

Разговорите на Иницијативниот одбор и Српската православна црква започнале по изборот на патријархот Викентиј, при што за време на неговиот

избор учествувале и свештеници од Македонија. Иницијативниот одбор од Македонија од 1951 до 1958 год. повеќе пати давал предлози за начинот на решавање на црквното прашање во Македонија. Но Српската православна црква не ги прифаќала. Соочен со ваквата состојба, Иницијативниот одбор за организирање на црквата во Македонија, решил да го свика Вториот црковно народен собор, одржан од 4 до 6 октомври 1958 год. во Охрид. Соборот едногласно донел одлука за возобновување на Охридската архиепископија, при што биле избрани епископите и бил донесен Уставот на Македонската православна црква.

Новоизбраниот митрополит скопски Доситеј го известил патријархот Герман за новонастанатата состојба за црквата во Македонија. Архиерејскиот собор на Српската православна црква на своето заседание во јуни 1959 год. донел одлука според која епархиите во Македонија се одвоиле во самостојна Македонска православна црква, која ќе се управува според Уставот донесен на тој собор, а останува и натаму во канонско единство со Српската православна црква.

Српската православна црква нема да ја почитуват својата одлука и ќе се обиде да ја воспостави пак својата јурисдикција над епархиите во Македонија. Така, патријархот на место да настапува како патријарх српски и македонски, почнал да настапува само како патријарх српски. Поради ваквиот однос од страна на Српската православна црква на Синодот на Македонската православна црква не му преостанувало ништо друго освен на 17 јули 1967 година да го свика Третиот-црковно народен собор и да реши за иднината на Македонската православна црква. Соборот всушност донел одлука за прогласување на автокефалност на Македонската православна црква. Со тоа македонскиот народ после 200 години, пак се здобил со своја самостојна црква, преку обновувањето на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква.

Во севкупниот процес на национална еманципација, историјата на МПЦ е важен и неодвоив дел од историјата на македонскиот народ. Во овој контекст, една од помалку истражуваните теми е проблемот на создавањето на македонската држава и разрешувањето на македонското црковно прашање 1943-1946 што е мој интерес на истражување. Се одлучив да ја истражувам современата историја на македонската држава и нејзиниот однос кон црквата, од аспект на

институционалната рамка во која се одвиваше процесот на црковното осамостојување во еден клучен историски период од XX век.

Во магистерскиот труд е опфатена историјата на создавањето на современата македонска држава и нејзиниот однос кон македонското црковно прашање во периодот од 1943 до 1946 год. Притоа е обработен:

- општествено-политичкиот развој и создавање на Македонската држава во периодот од 1943-1946 год.
- македонското црковно прашање како значаен дел од историјата на НРМ.

Во текот на истражувањето, а се со цел мегистерскиот труд да биде поуспешно изработен, беа извршени истражувања на објавени извори и необјавени документи во архивските фондови на Државниот архив на РМ, архивата на МПЦ, документарното одделение на МАНУ, како и во други институции а со цел расветлување на македонското црковно прашање во периодот 1943-1946 год.

## ГЛАВА ПРВА

### 1. РАЗВОЈОТ НА НОБ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И СОЗДАВАЊЕТО УСЛОВИ ЗА СВИКУВАЊЕ НА ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ

Антифашистичката Народноослободителна борба 1941-1944 година преставува една од клучните етапи во националноослободителната борба на македонскиот народ и неговите стремежи за формирање на сопствена македонска држава. Во рамките на оваа борба, македонската војска и нејзината поширока база, како сојузници на големата антихитлеровска коалиција во текот на Втората светска војна, беа исправени против неколку окупаторски војски и режими на сопствената етногеографска територија.

Тешката политичка и национална обесправеност, неорганизираноста на единственото националноослободително движење кое мораше да дејствува во исклучително тешки услови во рамките на три држави (по поделбата на Македонија во 1913), постоењето на бројни граѓански партии кои сосема ја негираа посебноста на македонскиот народ итн. придонесоа за неговото приврзување кон платформата на забранетата илегална Комунистичката партија на Југославија. Оваа партија, во педвечерието на Втората светска војна, настојувала да ги собере сите незадоволни слоеви на општеството врз широка народнофронтовска основа и била единствената политичка сила која во монархистичка Југославија која во тоа време нудела национална рамноправност и социјална правда („леб, правда и слобода“) [1]

Влегувајќи во НОБ, иако под водство на КПЈ, македонскиот народ не се борел за комунизам или социјализам, ниту до крај ја познавал идејната платформа на КПЈ бидејќи таа била во длабока илегалност цели две децении, а нејзините

[1] Проф. Д-Р Виолета Ачкоска, Лекции од историјата на современата мскедонска држава (1944-1991), Скопје, 2015, 12.

симпатизаери, приврзаници и малубројни членови изложени на постојан терор од страна на властите. Најбројниот дел на учесниците во антифашистичката НОВ на македонија се бореле за национална слобода и социјална правда. Национална слобода значела ослободување од окупаторските режими, рамноправност и слобода за македонскиот народ, негово обединување и државотворно конституирање. Социјалното ослободување значело економска сигурност, земја за селанецот, работа за работникот. Тоа всушност биле и главните дострели и постулати на сваќањето на комунизмот за мнозинството од македонските борци во текот на Втората светска војна.[2]

Целокупната работа на македонското националнослободително движење во втората половина на 1942 година и покрај сите недостатоци и сериозни удари од окупаторските власти, сепак создала основни и добри предуслови за развој на вооружената борба во текот на 1943 год.[3]

Почетокот на 1943 година е период кога кај македонското нациолноослободително движење се забележува оптимизам во поглед на решавањето на македонските национални идеали. Па затоа е во нагорна линија и вооружената борба и јакнењето на македонската национална свест.

Во текот на Втората светска војна, посебно во првата половина на 1943 година е забележана зголемена воено-политичка активност на територијата на Македонија. Во овој период се формирани нови партизански одреди а постојните значително се зголемуваат. Од кои активно дејствуваат Скопскиот, Кумановскиот, Брегалничкиот, Шарпланинскиот, Кичевско- мавровскиот одред како и одредите "Гоце Делчев ", "Дамјан Груев", "Сава Михајлов", "Добри Даскалов",[4] а во Азот партизанска група, остаток од одредот " Димитар Влахов ".

---

[2] Ibid, 15.

[3] д-р Александар Литовски , Македонската националноослободителна платформа во Втората светска војна (1941-1944), Скопје, 2008 , 69

[4] Во текот на Народноослободителната војна се забележува силна застапеност на илинденските традиции преку масовната употреба на имиња на личности од илинденскиот период т.е. именување на партизанските единици или употреба на псевдоними на учесниците во македонското националноослободително движење. Види: Владо Ивановски, Крушевската република низ документацијата на НОВ и народната револуција во Македонија 1941-1945 год.

По наредба на Светозар Вукмановиќ Темпо[5] во пролетта 1943 година ГШ на НОВ и ПОМ територијата на Македонија ја поделил на пет оперативни зони и изготвил планови за активноста и дејствувањето на партизанските одреди. Наредбата на гласела:

„ Да се пристапи на формирањето на првата оперативна зона која требе да опфати реонот северно от линијата Дебар - Кичево -Брод –Богомила –Велес и западно от железницата Велес – Скопје – Качаник. На штабот на оваја зона да и се стави во задатак да одмах пристапи на организирање на одреди на ова подручје.

Да се пристапи на формирањето на втората оперативна зона која требе да го опфане реонот јужно от линијата Дебар - Кичево -Брод –Богомила и западно от железницата Богомила – Прилеп – Битола. На штабот на оваја зона да и се стави во задатак да одмах пристапи на организирање на одреди на својот реон.

Да се пристапи на формирањето на третата оперативна зона која требе да го опфане реонот источно от железницата Велес – Прилеп – Битола и југозападно от железницата Велес - Гевгелија. На штабот на оваја зона да и се стави во задатак да одмах пристапи на организирање на одреди на својот реон.

Да се пристапи на формирањето на четвртата оперативна зона која требе да го опфане реонот источно и североисточно от железницата Велес – Гевгелија и јужно от линијата Велес – Кочани.“ [6]

Погоре спомнатите партизански одреди развиваат голема активност и ги интензивираат борбите во поголемиот дел од Македонија. Се водат борби во реоните на планините Кожув и Козјак, во Мавровски- Кичевско- Дебарца и Битолско – Преспанскиот регион.

Успешните акции озвозможуваат да се создадат слободни и полуслободни територии. Во западна Македонија беа ослободени Мавровско, Кичевско и

[5] Член на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ

[6] На прњиот состанок на ЦК на КПМ , во директивите на Светозар Вукмановиќ Темпо од март 1943 год. во документите и во практичната активност на сите раководни структури на Македонското националноослободително движење во периодот март-јуни 1943 год. се настојува акцентот да се стави на мобилизација на нови борци и засилување на вооружената борба. Извори..., Универзитет св. Кирил и Методиј, документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори , Скопје 1981,474

Дебарца, беше загрозен и сообраќајот на комуникациите Гостивар-Дебар, Кичево-Струга. На 18 август 1943 година на Славеј Планина, Штабот на II оперативна зона го формира одредот „Дамјан Груев“ и од новопридојдените борци, Првиот баталјон „Мирче Ацев“ бил создаден со:

“ НАРЕДБА НА ШТАБОТ НА ВТОРАТА ОПЕРАТИВНА ЗОНА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА БАТАЉОНОТ “МИРЧЕ АЦЕВ“

Август 1943

1.

Штабо на II –та О. Зона на Народ(но) Ослоб. (одителната) Војска и Партизанските Одреди во Македонија, формира

Баталјон Ном. 1-ви „Мирче Ацев“

На темел на проучувајнето на целокупната војно-политичка ситуација и условија на Партизанско војуване во Македонија како и сагласност со наредбата на Главнио Штаб на Народно-Ослободителната Војска и Партизан (ските) Одреди на Македонија, формиран је Баталјон Ном. 1-ви „МИРЧЕ АЦЕВ

Баталјоно го сачињава (3) три чети, секоја чета има по (3) три вода а секој вод по (2) две десетини.“ [7]

Уште во почетокот на 1943 година по неуспешните акции, окупаторските сили ќе преземат поостри мерки за спречување на развојот на народноослободителното движење и уништување на партизанските единици на територијата на западна Македонија.

Народноослободителното движење во Македонија, во текот на летото и есента 1943 година доби во вистинска смисла на зборот општонароден карактер, бидејќи во ова време населението на Македонија започна масовно да се вклучува

[7] Баталјонот „Мирче Ацев“ е прва регуларна воена единица на македонскиот народ; него го сочинувале борци од одредите „Даме Груев“, „Димитар Влахов“ и други од подрачјето на Западна Македонија. Извор..., Универзитет св. Кирил и Методиј, документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори , Скопје 1981, 485

во неговите редови. Како резултат на тоа дојде до формирање на нови партизански одреди, а наскоро потоа и на регуларни воени единици (баталјони и бригади), со што се овозможи да се создаде Народноослободителната војска на Македонија. Со нејзините успешни воени дејства против окупаторските војски и со акциите на одделни партизански одреди на Македонија со помош на заднинските органи на борбата беа создадени повеќе слободни или полуслободни територии, особено во пределите на Западна Македонија.[8]

Капитулацијата на Италија (9.IX 1943) суштински ќе се одрази на натамошниот развој на ослободителната борба на територијата под италијанска окупација. Исто така таа ќе даде поттик на партизанските единици кој дејствувале на територијата која била под бугарска контрола, особено во Тиквешијата, Гевгелиско и Козјак планина.

Единиците на Првата и Втората оперативна зона ја разоружаа италијанската дивизија „Фиренца", ослободителните територии се проширија во една која го опфати просторот од Буковиќ и Влајница (јужно од Гостивар) до теснината кај с. Ботун (северно од Охрид и Струга) со два слободни града Кичево и Дебар. Тоа ќе го забрза процесот на формирање на воени единици , така што во текот на септември и октомври во Македонија дејствуваат девет баталјони, шест партизански одреди и повеќе диверзантски групи.[9]

На 11 ноември 1943 година ќе биде формирана Првата Македонско-косовска ударна бригада во с. Сливово, Дебарца. Во состав на бригадата влегуваат: Првиот македонски баталјон „Мирче Ацев", Вториот кичевски баталјон, Првиот косовски баталјон „Рамиз Садик", Вториот косовски баталјон „Борис Вукмировиќ" и една придружна чета со потешко вооружување. При формирањето бројната состојба на бригадата изнесувала околу 800 добро вооружени и опремени борци. Раководството на бригадата го сочинувале : командант Петар Брајовиќ, заменик

[8] Македонска академија на науките и уметностите,АСНОМ во создавањето на државата на Македонскиот народ, Скопје 1987, 123
[9] Владо Ивановски, Ослободителната војна во Западна Македонија 1941-1944, Скопје, 1973, 154-218

командант Чеде Филиповски, политички комесар Мита Миљковиќ, заменик на политичкиот комесар Вера Ацева.[10]

Со наредба на ГШ на НОВ и ПО на Македонија од 19 декември 1943 година е формирана Втората Македонска ударна бригада[11] Во составот на бригадата влегувале батаљонот „Страшо Пинџур" и II батаљон на III Оперативна зона како и бугарскиот батаљон „Христо Ботев" кој преминал на страната на страната на НОВ и ПО на Македонија. За командант бил назначен Диме Туриманџовски, за негов заменик Лазо Калајџиев, за политички комесар Трифун Трифунов а за заменик на политичкиот комесар Мито Хаџи Василев.[12]

На 23 декември 1943 година Првата македонско- косовсска ударна бригада, Втората македонска ударна бригада и Група батаљони ќе започнат офанзивни операции против гермаско- бугарските окупатори на територијата од Мариово до Вардар на ширина околу 100 км. Биле нападнати пограничните участоци на Мрежинско и Коњско како и рудникот кај Витолиште. Ноќта помеѓу 31 декември и 01 јануари 1944 година е извршено диверзантско напаѓање на градот Гевгелија а на железничката линија Велес –Гевгелија ќе биде кренат во воздух еден воз.

Сепак и покрај реорганизацијата на германската војска и нивниот напад на 18 јануари 1944 година од територијата на селата Ума и Конско како и од територијата на с. Фуштани врз партизанските воени единици тие ќе се соочат со неуспех и голем број на жртви и материјални добра.[13]

По завршувањето на овие борбени активности во кои партизанските воени единици ќе бидат победници, ГШ сметал дека се создадени услови македонските воени сили од реонот на планината Кожув и Егејска Македонија (каде престојувале зимата 1943-1944 година) да се насочат кон централна и источна Македонија каде непријателот имал сконцентрирано огромни воени сили. За таа цел ГШ на НОВ и ПОМ направил план според кој :

---

[10] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори , Скопје 1981, 495

[11] Втората македонска ударна бригада е формирана на 20 декември 1943 год во с. Фуштани, Мегленско, Егејска Македонија

[12] Ibid, 500.

[13] Ibid, 501.

- Првата борбена група во состав Првата македонско-косовска ударна бригада, која на 31 јануари 1944 год изутрината од с. Бахово требало да тргне преку Мариово, Азот и Поречe кон западна Македонија.
- Втората борбена група во состав II Македонска бригада, која требало да тргне изутрината на 31 јануари 1944 година од с. Зборско во борбени акции во реонот на Тиквешијата и Гевгелиско.
- Третата борбена група во состав од баталјонот „Стив Наумов“ и бугарскиот баталјон „Христо Ботев“ заедно со ГШ требало да тргне истиот ден од с. Зборско преку Беласица, Плачковица и Осогово да дојде до Кумановско.

Со овој план започнале борбени вооружени операции од поширок размер на територијата на Македонија познат под името Февруарски поход[14]. Тоа беше офанзива на силите на НОВМ, кои од дотогашниот простор на дејсувување во Егејска Македонија ги насочија своите воени сили кон нови подрачја на територијата на Македонија.

Во рамките на самиот поход Првата македонско- косовска ударна бригада во многу тешки услови за 14 дена помина низ тешко проодните масиви на Кожув, Мариово, Дрен, Азот, Поречe и Бабуна со постојан судир со непријателот посебно кај с. Никодин , па до Орешка Чука кај Богомилскиот тунел и назад до Црна река и влегување на територијата на Мариово. Непријателот не успеал да ги разбие и уништи овие единици.

Втората македонска ударна бригада дејствувала на повеќе позиции покривајќи го просторот на Кожув, Тиквеш и Мариово и имала за цел да со диверзантски акции да ги оневозможи силите на окупаторот да дејствуваат против Првата македонско- косовска ударна бригада.

Третата група баталјони во целост ја испониле поставената цел: да навлезе преку Беласица, Огражден и Плачковица се пробие на подрачјето на Козјак-Црна

[14] Под Февруарски поход се подразбираат борбените дејствија што ги изведоа единиците на НОВ и ПОМ од 31 јануари до 24 февруари 1944 год.

Трава-Скопска Црна Гора и да се поврзе со партизанските единици кои дејствуваа на тој регион. Жестоки борби се воделе при преминувањето на Брегалница, кај с. Пекљане и Калиманско поле.[15]

Со цел разбивање на единиците на НОВ и ПОМ и обезбедување на комуникациските врски за слободно движење на Германците од југ кон север по Моравско-вардарската долина од 25.04 до 20.06. 1944 година окупаторите ќе ја изведат познатата Пролетна офанзива. На почетокот на офанзивата, единиците на НОВ и ПОМ водат тешки борби во реонот на Црха Трава, на Осогово кај с. Саса и с. Лаки, на патниот правец Струмица- Берово, на планината Круша кај Дојран, кај с. Костурино, на планините Плачковица, Пониква, Чупино Брдо, Ретки Буки, Бабина Пољана и други места. Непријателот не успејал да ги разбие единиците на НОВ и ПОМ и набргу Пролетната офанзива ќе премине во контраофанзива на партизанските единици.

Кон крајот на април 1944 година, Првата македонско-косовска ударна бригада заедно со дел од ГШ од Егејска Македонија ќе се упати кон Дебарца со цел повторно воспоставување на власт и обнова на слободната територија од 1943 година. Се случуваат повеќе судири со непријателот кај Ботун, Пресека, Лазарополе, Гари, Локов по кои непријателот ќе биде потиснат и ќе биде ослободена речиси целата слободна територија.

Резултатот од успешно изведените воени дејствија во Пролетната офанзива за НОВ и ПОМ биле големи : била проширена слободната територија во Западна Македонија и обезбедена слободната територија во источна Македонија ќе биде запленета голема количина на оружје, муниција и опрема. Сепак најголема придобивка од офанзивата било создавање на услови за одржување на Првото заседание на АСНОМ, чии подготовки веќе биле во тек.[16]

[15] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори , Скопје 1981, 506

[16] Ibid, 515-518. ; Историја на македонскиот народ. Скопје, 1988, 353-356.

### 1.1. Создавање на слободни територии како основа за свикување на АСНОМ

Создавањето на слободни територии во текот на НОВ претставувало нова и значајна етапа во остварувањето на национална слобода на македонскиот народ. Со создавањето на слободните територии ќе започне забрзан процес на конституирање на новите органи на народната власт кои ќе ја изразуваат суверената волја на македонскиот народ да живее во своја национална држава.

Слободните територии ќе имат и огромно воено значење. Тие како простор, на кој слободно можеа да дејствуваат револуционерните слили, преставуваа база на вооружените сили на револуцијата. Овде можеше да се врши мобилизација и пополнување на воените единици со нови борци.Тие ќе бидат и база на задининската организација, која ќе обезбедува снабдување на воените единици со оружје, храна и други материјални потреби.[17]

Особено треба да се истакне значењето на слободните територии во Македонија од аспектот на правно-теоретските поставки и државно правните белези, кои што го детерминираа карактерот на самите слободни територии. Создавањето на народноослободителната војска и народноослободителната власт на слободните територии означуваше израз на суверена волја на народот з ада живее во слобода и да го изразува и остварува своето право на самоопределување.

Овде ќе дојде до израз дејствувањето на сите форми на народната власт кој ќе претставуваат не само извесно заокружување на сите форми на народна власт којшто почнаа да се создаваат уште со самиот почеток на востанието, туку практично преставуваа основа за понатамошно надградување. Не случајно, на слободните територии ќе бидат донесени и објавени најважните одлуки, односно документи со кои ќе се трасира патот на револуцијата. Слободните територии ќе ги создадат основните нужни уставно-правни основи за свикување на АСНОМ, со

---

[17] Александар Т. Христов, Слободните територии како конститутивен елемент во создавањето на македонската државност, зборник „Слободните територии во Македонија 1943 ", Скопје 1975, 63 – 64.

чие конституирање во највисоко претставничко тело ќе биде изразена сувереноста на македонскиот народ. [18]

Меѓутоа, самиот факт што од создавањето на првата поголема слободна територија во 1943 година , во услови на сурова и беспоштедна борба за слобода, не дојде до прекин на континуитетот во реализацијата на стремежите на македонскиот народ за создавање на сопствена држава до конституирањето на АСНОМ, значеше и континуитет во создавањето на органите на народната власт. До свикувањето на АСНОМ[19], слободните територии во себе ги инкорпорираа почетните облици на државно-правниот живот, изразен преку создадените облици на народната власт, како антитеза на окупаторската власт.[20]

Во текот на 1942 година се создадени помали слободни краткотрајни територии. Меѓутоа како резултат на активноста на партизанските одреди успесите на НОБ во целост, а особено на оние во првата половина од 1943 година , се овозможи создавање на првите поголеми и потрајни слободни територии. Кичевскиот, дебарскиот, битолскиот, преспанскиот, тиквешкиот и кумановскиот крај ќе станат жаришта на ослободителната борба во Македонија, од каде таа успешно се ширеше и на другите територии.[21]

Веднаш на слободните територии ќе биде воспоставена народна власт преку народноослободителните одбори (комитети). Во врска со тоа Кузман Јосифовски-Питу во едно писмо од 17 октомври 1943 година до месниот комитет на КПМ во Прилеп пишува:

„ ... НОК се органи на НОБ под окупација а на слободната територија тие се органи на првата народна демократска власт. Тие треба да изникнат од самиот процес на борбата против фашистичкиот окупатор и неговите измеќари, од

---

[18] Ibid, 67,68

[19] „Непосредно пред свкувањето на Првото заседание на АСНОМ, слободната територија во овој период се простираше преку патот Куманово-Крива Паланка и Куманово-Врање, вклучувајќи го целиот десен брег на Јужна Морава. Оваа слободна територија беше наменета за местото каде што ќе се одржи Првото заседание на АСНОМ “. Зборник на документи од АСНОМ, ИНИ, Скопје 1964, 38.

[20] Ibid, 66.

[21] Историја на македонскиот народ, Скопје 1969, книга 3, 363.

борбите за секојдневните интереси на масите за опстанок, преку протестот против теророт, до помагање на партизаните и НОВ ...“

„ ... НОК ќе бидат прави вистински органи на борбата, а нивната работа ќе се состои во:

1. Политичка борба, стварање единство на македонскиот народ, Н.О. фронт во борбата против фашистичкиот окупатор и неговите измеќари, за национална слобода, рамноправност и независност.
2. Агит- пропагандна работа, популаризирање на партизаните, НОВ на ослободената територија , акциите и борбата.
3. Мобилизација на масите политичко и акционо за НОБ.
4. Мобилизација на партизани, борци, офицери особено доктори, болничари, просветни работници, јавни работници и борци од минатото.
5. Мобилизација на материјални средства, особено помош во пари, алишта – топла облека, чорапи, шалови ракавици, чевли опинци, книги, сите видови на оружје и муниција.
6. Организирање на саботажи, диверзантски акции и атентати на големци, окупатори, крвници или домашни предавници.
7. Информативна служба...“[22]

Овој документ всушност ќе претставува пресвртница во развојот на народноослободителните одбори, со него тие ќе го добијат своето вистинско значење. За прв пат во писмена форма Народноослободителните одбори (НОК) ќе бидат окарактеризирани како органи на НОБ на неослободената територија, додека на слободната тие се сметаат за органи на вистинската народна власт. Многу визионерски се размислувало за концептот на формирањето на НОО, се

[22] Зборник на документи од АСНОМ, ИНИ, Скопје 1964, 80-81 .

предвидувало да се формираат селски, општински и градски НОО, како и акционен комитет на окупираната територија на Македонија.

Со посебна напомена дека НОО својата вистинска форма ќе ја добие на слободната територија каде што би се формирало „Антифашистичко народноослободително собрание на Македонија со свој извршен комитет како едно политичко преставништво на македонскиот народ. А.Н.О.С на Македонија ќе ја прогласи заедно со ГШ на НОВ и ПО Слободна Македонија".[23]

Во периодот од месец јули па до крајот на 1943 година ќе остане да функционира слободната територија во западна Македонија простирајќи се јужно од Гостивар, Маврово и Дебар до Ботунската клисура, на исток до бугарската граница и на запад до патот Струга - Дебар. На слободната територија во Западна Македонија во селото Црвена Вода покрај ЦК на КПМ, ОК СКОЈ и ГШ дејствувале и два облсни комитети и четири околиски комитети. Во сите населени места била уништена окупаторската власт а била избрана нова од страна на народот на јавни собири. Новата народна власт веднаш презела мерки за решавање на проблемот со храната, безбедноста и просветата. А во месец октомври 1943 год во десет села започнала работата на првите училишта на македонски јазик. Во Дебарца ќе биде формирано и верско намесништво, со задача да ги организира свештениците за слободно исповедување на верата. [24]

Со проширувањето на слободната територија се отворија нови можности за развој на вооружената борба, особено во Мавровско, Кичевско, Струшко, Дебарско и Преспа. Таа ќе биде поттик за поцврсто вклучување на народот во вооружената борба против окупаторот на целата територија на Македонија. Но сепак за развојот на органите на народната власт на слободната територија како и на неослободената или полуослободената територија пресудно значење имаше КПМ, која вложуваше огромни напори за да ја насочи дејноста во создавањето органи на народната власт.

---

[23] Ibid, 81.

[24] Историја на македонскиот народ, ИНИ, Скопје 1972, 376.

Капитулацијата на Италија на 8 септември 1943 година ќе донесе многу важна пресвртница во натамошниот развој на органите на народната власт. Тој развој ќе биде резултат и на создадената поголема слободна територија, која ќе ги опфаќа околиите: Галичка, Дебарска, Струшка, Мавровска со двата слободни града Дебар и Кичево и дел од Преспанскиот крај како што се селата Крани, Штрбово, Брајчино, Љубојно и Дупени.[25]

Новонастанатите околности им овозможуваа и наложуваа на политичкото и воено раководтво на народноослободителното движење да преземаат такви организациони мерки по линија на власта и по воена линија, што ќе овозможат поорганизиран и побрз развој на НОО и воените единици со една единствена цел-задавање поголеми удари на непријателот и проширување на слободната територија.[26]

Слободните територии кои биле создадени во текот на 1943 година во Дебарца и Копачка, Маврово и Бистра, Преспа, Кожуф и Козјак постепено се шireле и зафаќале и други реони. Самото поврзување на слободната територија на Кожув со онаа создадена на Пајак планина и Караџова од единиците на ЕЛАС, слободната територија ќе ги зафати Гевгелиско а ќе се шири кон Тиквеш и Мариово. Додека пак слободната територија од Козјак планина се ширела кон Крива Паланка, кон планината Руен и Куманово. Малата слободна територија во Преспа служела за врски меѓу слободната територија во Западна Македонија и таа во реонот на планината Кожув.[27]

---

[25] Д-р Александар Т. Христов, Создавањето на македонската држава, Мисла, Скопје 1971, 307.
[26] Историја, Списание на сојузот на историските друштва на СР Македонија, Скопје ,1966 бр. 1-2 , 56.
[27] Миле Михајлов, Воено задинските органи на НОВ на Македонија 1941-1944, Скопје, 1992.

## 1.2. Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ

Свикувањето на Второто заседание на АВНОЈ условило да се забрзат подготовките за создавање на антифашистичко собрание на Македонија. Од тие причини на слободната територија во селото Црвена Вода (Дебарца) ќе биде формирано едно самостојно политичко тело кое ќе биде наречено Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ.

Формирањето на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ во првата половина на ноември 1943 година формално ќе произлезе од заклучоците на Преспанскиот состанок[28], но суштински од созреаното и веќе прифатено ниво на барања и определби за натамошниот развој на ослободителната борба и државотворните резултати што се очекуваа од неа.[29]

Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ за прв пат се спомнува како највисоко политичко-преставничко тело и како највисок орган на народната власт во телеграмата од Првиот конгрес на антифашистичката младина на Македонија испратена на 22 декември 1943 год. од с. Фуштани, Егејска Македонија. Каде покрај другото се вели:

... „со пламено чувство ја следиме вашата историска работа. Во неа гледаме решителен чекор за остварување на слободна Македонија...“

... „ со збор и дело ќе помагаме во вашата одговорна работа и дека ќе се бориме заедно со вас за остварување на некогашните обиди на Карев и Питу....“[30]

Во составот на Иницијативниот одбор влегуваат: Методи Андонов- Ченто (претседател), Страхил Гигов (секретар ), Михаило Апостолски, Цветко Узуновски, Венко Марковски и Михајло Апостолски.

[28] Во Преспа во непосредна близина на с.Отешево ЦК на КПМ од 2 до 4 август 1943 година го одржал Преспанскиот состанок (советување) каде ќе бидат донесени клучни одлуки со кои се создале политичко-правни претпоставки за свикување на АСНОМ. Според Александар Литовски: „Преспанскиот состанок во историјата на македонскиот народ има исклучително позитивно значење, оти потикнувачки влијаеше врз развојот на вооружената антиокупаторска борба, имаше решавачко влијание за организирањето на АСНОМ и во крајна линија, имаше пресудно значење за создавањето на македонската национална држава“

[29] Новица Вељановски, Педесет години од Првото заседание на АСНОМ, Гласник 38 1-2 1994, 11

[30] Ibid,91

Со неговото формирање, Главниот штаб ги пренесе на Иницијативниот одбор сите политички права и задолженија. Започнувајќи ја својата работа, тој ќе има главна цел: што побргу да дојде до свикување на АСНОМ. Како услов за тоа свикување, било организирањето на широка мрежа од НОО по селата и градовите на неослободената и ослободената територија на Македонија, кои требало да испратат делегати за првото народно собрание. Во текот на месец април 1944 година Иницијативниот одбор значително ќе биде проширен. [31]

Сепак во дејноста на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ разликуваме два периода:

- Првиот го зафаќа временскиот интервал од неговото основање до проширувањето на неговиот состав ( 30 април 1944 год. ) и
- Вториот до одржувањето на Првото заседание на АСНОМ ( 2 август 1944 год.)[32]

Во почетокот на 1944 година, Иницијативниот одбор својата дејност главно ќе ја насочи во правец на објаснување на карактерот и суштината на Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ[33], како и спроведување на политичко- пропагандни акции. Посебно треба да се истакне статијата под наслов „Пред свикувањето на народното собрание "објавена во органот на Народноослободителниот фронт „Илинденски пат", потпишана од Методи Андонов- Ченто- претседател на ИО за свикување на АСНОМ. Во неа е претставен историскиот развој на македонското националноослободително движење од крајот на XIX век па се до 1944 год. за создадените услови за основање на АСНОМ како и неговото историско значење за македонскиот народ што за прв пат во својата историја ќе се здобие со своја сопствена држава.[34]

[31] Зборник на документи од АСНОМ, ИНИ, Скопје 1964, 206.
[32] АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, МАНУ,Скопје, 1987 , 125 .
[33] Во месец октомври 1943 год. на Караорман планина с. Црвена Вода ќе биде објавен Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ, кој ќе биде првиот официјален документ- проглас до македонскиот народ. Во него се повикува народот на решителна вооружена борба против окупаторот.
[34] Зборник на документи од АСНОМ, ИНИ, Скопје 1964, 143-153.

Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ на 14 март 1944 год. донесе посебен акт со кој тој за прв пат се јавува како највисок орган на власта во Македонија. Станува збор за Писмото до сите Народноослободителни одбори во Македонија, каде што се дадени одредени упатства во врска со задачите и содржината на работата на НОО, како и за изборот на делегати за АСНОМ. [35] Донесувањето на овој значаен документ ни покажува дека на територијата на Македонија постои државност која што се заснова на организациската структура и изградената мрежа на народноослободителни одбори (со сите органи од селски до окружни), како на ослободната така и на неослободената територија.

Вториот период на дејствување на Иницијативниот одбор почна од неговото проширување на состанокот одржан на 30 април 1944 година во с. Стајовце (Кумановско) и се карактеризира со многу побогата дејност. Имено, Иницијативниот одбор веќе добива карактер на привремено политичко-претставничко и извршно тело на Народноослободителното движење на Македонија. Тој се јавува во улога на извршно тело на народната власт.

А подготовките за проширување на Иницијативниот одбор се од вршиле порано. Тоа проширување имало за цел да се придонесе за натамошниот развој на ослободителната борба во Македонија, што требало да се постигне со зголемување на единството на сите антифашистички сили. Посебно се водело сметка да влезат во неговиот состав поединци што имале докажано заслуги за НОБ, било да се политички или воени раководители, како и други истакнати активисти.

Од записникот на состанокот се гледа дека прва точка е токму проширувањето на Иницијативниот одбор, командантот на ГШ на Македонија, генералот Михајло Апостолски по однос на првата точка ќе ја предложи листата на проширениот Иницијативниот одбор:

... „ Претседател: Методи Андонов- Ченто, од Прилеп,

Потпретседатели:

1)Мане Чучков, директор на гимназија од Штип

[35] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори , Скопје 1981, 548-552.

2) Бане Андреjев, jавни работник од Велес,

Секретари :

1)д-р Кирил Миљовски, ветеринарен лекар од Битола,

2) Кирил Глигоров, адвокат од Штип ...“[36]

Исто така ќе биде предложено и работно тело на Иницијативниот одбор во состав:

... „ Претседател: Методи Андонов- Ченто,

Потпретседател: Мане Чучков,

Секретар: Кирил Глигоров ... “[37]

Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, во својство на највисоко привремено политичко преставничко тело на македонскиот народ, заедно со ГШ на НОВ и ПОМ презеде акција и за воспоставување на непосредни контакти со АВНОЈ и со неговиот извршен орган – Националниот комитет на Југославија.

За таа цел уште на самото заседание се определува претседателот на Одборот Методи Андонов- Ченто ... „ да отиде како претставител на Иницијативниот одбор при Врховниот штаб на Југославија и АВНОЈ“.[38] Решението ќе биде дополнето на седницата на 6 мај 1944 година со тоа што покрај Методи Андонов- Ченто, во делегацијата ќе влезат и Киро Петрушев и Мане Чучков. Сепак на делегацијата ќе и бидат дадени стриктни инструкции, посебно:

... „ Да се испита, во согласије со врховните тела на Федеративна Југославија и во склад со меѓународното положение, главниот проблем на македонската борба- прашањето за целостна обединета Македонија.

Овластува се избраната делегација да се обрне до македонскиот народ во Грција и Бугарија и да го покани да се придружи на борбата против окупаторите, а ако позволјава меѓународното положение, да се испрати позив до македонскиот народ во Бугарија и Грција со кој да се покани да се придружи на борбата што е води македонскиот народ под бивша Југославија...“[39]

---

[36] Ibid,553.

[37] Ibid,553-554.

[38] АСНОМ Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, том I, книга 1, Архив на Македонија , Скопје, 1984, 68-72

[39] Ibid,91

Овие како и останатите инструкции не отстапуваат од платформата на АНОК, како ни од статијата „Пред свикувањето на Народното собрание“ потпишана од Ченто а објавена во „Илинденски пат“, каде јасно и недвосмислено е изразена волјата на македонскиот народ да се најде цел, слободен и обединет. Многу важен е фактот дека во делегацијата освен Темпо не беше вклучен ниту еден член на ЦК на КПМ- заговорниците и спроведувачите на „ројугословенската струја“ во Македонија.[40]

Делегацијата на Иницијативниот одбор тргнува веднаш по одржаното заедничко заседание на 6 мај 1944 година. Според Мане Чучков, по долги и сложени пробивања по Србија, на 15 јуни најпосле летнуваат со руски авион до Бари, а по два дена со параход се префрлени до Манфредонија и на 18 јуни стигнуваат на Вис кај Тито. [41]

Непосредно пред разговорите со делегацијата Тито имал средба со делегација на КПГ, која силно го напаѓала токму македонското политичко и воено раководство. За да се надминат „споровите со КПГ“ југословенското раководство настојувало- пред се преку Темпо, да не се воспоставуваат контакти и влијание на НОБМ врз движењето на Македонците во Егејско. [42] За подоцна и самиот Тито признава „Ние настојувавме да се надминат сите спорови и влијаевме на нашите Македонци да не го поставуваат сега прашањето за приклучување на грчките Македонци кон југословенска Македонија.[43] Така Македонското прашање било оценето како многу деликатно и било оставено да биде решавано по ослободувањето.

Македонската делегација за прием кај Тито чекала се до 24 јуни 1944 година. Според записникот на оваа седница, покрај членовите на НКОЈ и на македонската делегација, присуствувал и „ Инструкторот на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ во

---

[40] Михајло Миноски, Авнојска Југославија и македонското национално прашање (1943-1946), Менора, Скопје, 2000, 89.
[41] Целото патешествие со некои значајни подробности е опишано во статијата на Емануил Чучков: *Од Македонија до Маршал Тито и назад*, „Илинденски пат“, 7-8, 1944,39-49.
[42] Михајло Миноски, Авнојска Југославија и македонското национално прашање (1943-1946), Менора, Скопје, 2000, 90-92.
[43] Јосип Броз Тито, Автобиографски кажувања, Скопје, 1982, 430-431.

Македонија генерал-мајор Светозар Вукмановиќ Темпо". Седницата се водела според следниот дневен ред:

„ 1. Реферат на делегацијата на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ

2. Дискусија по македонското прашање

3. Разно

Извештајот го започнува Мане Чучков, кој најнапред во името на македонскиот народ го поздравува другарот Тито со надеж дека македонскиот народ во текот на оваа борба ќе ги оствари своите национални права. Тито се заблагодарува за поздравот и го изнесува ставот на Националниот комитет по одделни актуелни прашања за Македонија.

Методи Андонов- Ченто и Петрушев го дополнуваат рефератот на Чучков. Ченто го чита записникот од двете седници на Иницијативниот одбор и ги предава копиите."[44] Според записникот не била регистрирана дискусија по клучните ставови на ИО околу обединувањето на Македонија што ги предложил Методи Андонов- Ченто пред Националниот комитет. Јосип Броз Тито, бил изложен на разни надворешни и внатрешни притисоци кои ќе влијаат да не покаже воопшто разбирање и слух за барањата на Македонците.

Во однос на втората точка од дневниот ред се наведени заклучоци според кои: Македонскиот народ го изразува својот историски стремеж за обединување на сите негови делови. Тоа е негово национално право, затоа тој негов стремеж останува негово трајно барање. Меѓутоа со оглед на сегашната меѓународна ситуација, внатрешната положба кај македонскиот народ, во соседните земји и степенот на развиток на оружената борба на македонскиот народ, би било пребрзано поставувањето на националниот стремеж на македонскиот народ во форма на акционо барање, од страна на врховните претставници на Федеративна Југославија или од страна на раководните органи на македонскиот народ. Таквото поставување, во денешно време би го кочело единството на антихитлеровскиот

---

[44] Методија Андонов- Ченто. *Документи и материјали*, ДАРМ, Скопје, 2002, 89

фронт на обединетите нации, коешто би ја довело во неповолна меѓународна положба и Југославијаво целина и македонскиот народ посебно.[45]

Понатаму е констатирано и тоа дека во рамките на Народноослободителното движење и македонскиот народ надвор од границите на стара Југославија може да го постави „ барањето за национално самопределување и демократски права“, да се развива народноослободителната борба „во сите негови делови, свесен дека со тоа и со таква борба се стекнува правото на ослободување и самоопределување на целата своја земја“[46] Освен тоа е заклучено и дека треба што побргу да биде свикано основачкото собрание на Антифашистичкото собрание на народно ослободување на Македонија и да се пристапи кон организационо формирање на Народниот фронт на Македонија.

На 27 јуни 1944 година македонската делегација имала официјална средба, но имало и средба на 30 јуни , бидејќи на својата подарена фотографија Тито занапишал: „Na uspomenu mom saborcu Mane Čučkov. Tito. 30.VI 1944.“[47] Вечерта на 30 јуни 1944 година делегацијата (со руски авион ) го напушта Вис, а на 11/12 јули 1944 година од Бари летнуваат за Јабланица. Во Главниот штаб во Горна Трница стигнуваат на 21 јули 1944 година.[48]

Другите барања на делегацијата на ИО за свикување на АСНОМ и на ГШ на НОВ и ПОМ, со тек на време, со создавањето на услови, биле реализирани.

Сепак во документација не е ништо кажано за проблемите што настанале во разговорите со Националниот комитет и со Тито во врска со обединувањето на Македонија, ниту пак има објаснение зошто македонската делегација чекала цели осум дена за тие разговори и каква беше улогата и функцијата на Темпо во нив. Затоа се разбирливи оценките дека „македонската делегација немаше третман на официјална делегација на македонскиот народ, самостоен политички субјект, туку третман на делегација на подредено обласно раководство“, па затоа направените

[45] АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, МАНУ,Скопје, 1987 , 131 .
[46] Ibid, 131.
[47] ДАМ, ф. Мане Чучков, 1. 1175.3.69/368.
[48] Ibid, 1.1175. 2. 26/492.

заклучоци како што вели подоцна Ченто, претставуваат „диктиран, а не усогласен“ став[49]

Од сето погоре искажано за дејноста на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ како императив ни се наметнуваат две општи залучни констатации :

1. Дејноста на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ без сомнение беше од историско значење за натамошното општествено-политичко организирање на македонскиот народ, бидејќи со тоа се обезбедуваше еден вид мобилизација на широките народни маси.
2. Иницијативниот одбор, како привремено политичко претставничко тело на Народноослободителната борба на македонскиот народ и како највисок орган на народноослободителната власт, иакао не беше формално-правно конституиран со посебен државноправен акт, сепак неговата фактичка дејност ни покажа всушност, односно во материјално-правна смисла на зборот, дека и во Македонија се одвивал сличен процес како и во другите југословенски земји.[50]

[49] Михајло Миноски, Авнојска Југославија и македонското национално прашање (1943-1946), Менора, Скопје, 2000, 93-96.
[50] АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, МАНУ,Скопје, 1987 , 132 .

# ГЛАВА ВТОРА

## 2. АСНОМ И КОНСТИТУИРАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА КАКО ФЕДЕРАЛНА ДРЖАВА ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА

АСНОМ ќе биде точка во која ке се спојуваат и реализираат долгогодишниот национален и државноправен стремеж на македонскиот народ. АСНОМ ќе преставува настан од епохално значење за македонскиот народ. Со неговото свикување ќе се создадат реални услови и до полн израз ќе дојдат македонските национални стремежи а ќе бидат потврдени и придобивките на дотогашната националноослободителна и антифашистичка војна.[51]

Крајот на Втората светска војна јасно покажувал дека е постигнат голем успех во однос на политичкото единство на македонскиот народ, пред се околу македонската националноослободителната платформа. Еден дел од политичките сили во Македонија директно биле вклучени во националноослободителното движење а другиот дел ја подржувале националноослободителната платформа.

Дека АСНОМ е конституиран како уставотворно собрание го потврдуваат следниве факти:

- АСНОМ е свикан фактички како уставотворно собрание, зашто во документите за избор на делегати за неговото Прво заседание е определена неговата основна цел, имено да го прогласи создавањето на македонската федерална држава,
- Во периодот на револуцијата и при првото свикување на претставничкото тело на држава во создавањекако овластен органа се смета телото што во текот на револуцијата се создава како раководен воен или политички орган. Како такви се потврдија Иницијативниот

[51] М. Тодоровски, Прво заседание на АСНОМ во емисиите на „Слободна Југославија“, Зборник: АСНОМ,247-248.

одбор за свикување на Првото заседание на АСНОМ, Главниот штаб на НОВ и ПОМ, ЦК на КПМ како и дел на КПЈ.[52]

Сепак АСНОМ преставува вистинско преставничко тело со својство на народно собрание, односно според класичната терминологија, парламент, со право да донесува одлуки што традиционално и современо се во доменот на таков орган. Својството на преставничко тело, односно на уставно-правен и законодавен орган АСНОМ го стекна и го потврди најнапред со начинот и методот на кои пристапуваше при донесувањето на одлуките. АСНОМ е легитимно избран орган од страна на населението на Македонија во воени услови, коишто овозможуваа своевиден демократизам за слободно изразување на волјата на избирачите преку своите преставници.[53]

Делегатите за Првото заседание на АСНОМ се избираа согласно *„Писмото од Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ до сите народноослободителни одбори за избирање на градски, селски, околиски и окружни народноослободителни одбори, нивните задачи и избор на делегати за Првото заседание на АСНОМ*“ од 14 март 1944 година.[54]

Според тоа делегатите требало да бидат избрани на окружни конференции што ги сочинуваа делегати избрани за членови на околиските народноослободителните одбори, коишто пак ги избраа градските, селските и општинските народноослободителни одбори како одбори на новата народна власт што се избираа непосредно на масовни ( на ослободените) и на мали и тајни ( на неослободената територија) конференции.

Поради настојувањето на окупаторските сили да ги спречат собирите и воените судири што се одигруваат на поголемиот дел на територијата на Македонија, се отежнувал нормалниот избор на делегати . Од тие причини сите делегати за Првото заседание на АСНОМ не било можно да бидат избрани на

52 АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, МАНУ,Скопје, 1987 , 250.
53 Ibid, 247-248 .
54 Зборник на документи од АСНОМ, ИНИ, Скопје 1964, 96-101.

општите и непосредни избори како што било предвидено, туку во добар дел случаи беа делегирани или од народноослободителните одбори или од воените единици.[55]

Поради тој факт, а и поради големата потреба да се присуствува на собранието, наместо предвидениот број -75 преставници, беа избрани или делегирани повеќе од 150 лица, додека на заседанието на АСНОМ пристигнаа и присуствуваа 116 преставници.[56]

По речиси еногодишни успешни подготовки, на 2 август 1944 година во манстирот „Св. Прохор Пчински", било свикано и одржано Првото заседание на АСНОМ. Каде ќе биде извршено прогласувањето на Демократска Федерална Македонија во рамките на Демократска Федеративна Југославија, како држава на македонскиот народ .

Точно во 5, 15 часот поручок при полна тишина најстариот по години член на Иницијативниот одбор Панко Брашнаров, учител од Велес, со тих и дрхтав глас го отвара заседанието со следните думи:

... „ Другарки и другари народни претставители,

Во овој момент, во ова историско место „Св. Отец Прохор Пчински" и на овој историски ден – ИЛИНДЕН -, кога објавувам да е отворено Првото Антифашистичко собрание на народното ослободуење на Македонија, душата мие преполна со радост и пред премрежените очи гледам како се раздвижиле сите реки од Пчиња и Вардар до Места и Бистрица, заплускујат е целата македонска земја"....[57]

---

[55] Ibid, 105.

[56] Ibid, 251. *Список на народните претставители од Македонија избрани за Првото заседание на АСНОМ".*

[57] Според Проф. В. Ачкоска, говорот на претседавачот Панко Брашнаров, бил во сосема илинденски и вмровски дух, зборува за континуитет со Илинден и според неа, ја употребува метафората за раздвиженоста на реките Пчиња, Места и Бистрица за да ја изрази идејата за обединување на Македонија. Тоа, треперело во воздухот на заседанието и меѓу борците. Виолета Ачкоска, Лекции од историјата на современата македонска држава (1944–1991) Скопје, 2011, Филозофски факултет, УКИМ, 26-36.

...„ И ете како резултат на тригодишни крвави борби македонскиот народја врза својата судбина со судбината на сите југословенски народи, помогна со крф и борба да дојде до нова, братска, демократска и федеративна Југославија. Денеска на фториот Илинден, последен Илинден на неослободена Македонија, се стават темелите на македонската држава во која да се обедини и заживее нашиот народ онаков среќен живот каков го заслужува по своите претрпени ропски маки и петвековни борби.

Да е жива нашата мила македонска федерална држава! "...[58]

Во почетниот, свечениот дел на Заседанието, биле прочитани упатените поздравни телеграми до АСНОМ од претседателот на Националниот комитет на народното ослободување на Југославија маршалот Тито и од претседателите на антифашистичките собранија на народното ослободување на Хрватска (Д-р Владимир Назор), на Словенија (Јосип Видмар), на Црна Гора (Д-р Нико Миљаниќ) и од Главниот одбор на Антифашистичкиот фронт на жените на Црна Гора и Бока и од Главниот штаб на НОВ и ПО на Србија. Истовремено беа од Првото заседание на АСНОМ испратени поздравни телеграми до големите тројца водачи на антихитлеровската коалиција Ј. Сталин, В. Черчил и Ф. Рузвелт, до претседателот на НКОЈ маршалот Тито, до претседателот на АВНОЈ Д-р Иван Рибар, до Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ, до Сесловенскиот комитет во Москва, до потпретседателот на АВНОЈ, Димитар Влахов и др.[59]

Работниот дел на Заседанието ќе започне со разгледување на :

1.*Извештај на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ за својата работа од формирањето до Првото заседание на АСНОМ* - поднесен од страна на Методи Андонов –Ченто, кој всушност бил еден вид политичко експозе на дотогашното највисоко политичко тело, давал преглед на дотогашната работа на Иницијативниот одбор и особедно преглед на преземените активности за подготвување на Првото заседание на АСНОМ. Особено се истакнувало дека

---

[58] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори , Скопје 1981, 555.

[59] АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, МАНУ,Скопје, 1987 ,170-171.

одржувањето ан АСНОМ било овозможено како резултат на нагорниот развој на НОАВМ и решенијата на АВНОЈ со кои Југославија е организирана на федеративен принцип, а „македонскиот народ за првпат во неговата историја “ е признат „за рамноправен народ“ со право да организира своја сопствена македонска дражава. [60]

2.*Реферат од Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ : „Борба против окупаторот“* - поднесен од Бане Андреев-Ронката, кој имал карактер на политичка декларација. Рефератот е колективен труд на Иницијативниот одбор и на членовите на ЦК КПМ и ГШ на НОВ и ПОМ. Во него, се изнесени историските етапи на развојот на националноослободителните борби на македонскиот народ и условите за создавање на органите на власта во текот на НОАВМ. Уште на почетокот се прави осврт на македонските ослободителни борби во минатото и спој меѓу НОАВМ и илинденските традиции.Исто така ќе биде даден преглед на развојот на вооружената борба и подготовките за свикување на АСНОМ. А ќе биде истакнато дека АСНОМ е единствениот носител на „народниот суверенитет на првата македонска држава“.[61]

3. *Реферат од Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ : „Народно демократската власт во Македонија“*- Поднесен од страна на Мане Чучков. Тоа бил еден од најзначајните реферати, бидејќи се однесуваше за карактерот на идната народна власт во ослободената татковина.Рефератот меѓу другото, определува „што представљава АСНОМ“ па вели: „АСНОМ е врховен представител на суверенитетот на македонскиот народ и македонската држава.Што значат тие думи? Значат това, да македонскиот народ, преку Антифашиското собрание за ослободуење на Македонија има право сам да одлучува за својата судбина“ и подвлекува „ Антифашиското собрание на народното ослободуење е врховна законодателна и исполнителна власт. Преку АСНОМ македонскиот народ сам

---

[60] Ibid, 569-570.
[61] Ibid,571-581..

суверено одлучува, изразувајќи ја демократската воља на Македонците и националните малцинства во Македонија“.[62]

Чучков го завршува рефератот со увереноста  дека „со признавањето на македонскиот народ се создаваат нови перспективи за братсво и единство на јужнословенските народи, па и сите балкански народи, и кога ние од причина  за раздор се преобрнуваме во алка за таја солидарност, требе да сме срећни и горди. Требе да се срећни и горди и сите народи во Југославија, што со својата борба сестрано [го] помагаја това свето дело “[63]

Од Првото заседание на АСНОМ се очекуваше да донесе „*историска прокламација за полна национална слобода на Македонија* “ и да го оствари одамнешниот идеал на повеќе македонски поколенија правејќи го АСНОМ „*единствен носител на народнот суверенитет  на маедонската држава*“.

Раководејќи се од околностите и проценките, народните претставници, односно делегати на АСНОМ, извршија историски чин во создавањето и оформувањето на македонската држава и еднодушно ја прокламираа Македонија за рамноправна федерална единица во составот на  ДФ Југославија. Според тоа тргнувајќи од сувереното право на самопределување а во согласност со решенијата на АВНОЈ го конституираа АСНОМ „во врвно законодавно и исполнително претставително тело на Македонија и (на ) македонската држава“ , која што станува рамноправна федерална единица на ДФ Југославија.[64]

За спроведување на решенијата и задачите на Првото заседание на АСНОМ ќе биде избран Призидиум на АСНОМ

Постојан работен Президиум на АСНОМ

I.Претседател- Методи Андонов- Ченто,трговец  от Прилеп,

II.Потпретседател- Панко Брашнаров, учител от Велес

II. Потпретседател- Емануил Чучков, директор на гимназија от Штип

[62] Ibid,582-589.
[63] Ibid,560.
[64] АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, МАНУ,Скопје, 1987, 173.

Секретари :

инж. Љубомир Арсов , банкарски чиновник от Штип

Д-р Владимир Полежиновски, правник от Кичево

Членови:

1.Венко Марковски, поет от гр.Скопје

2. Цветко Узуовски, работник от гр. Преспа

3.Благој Фотев, земјоделец от с. Бистрица, Битолско

4.Михаил Апостолски, генерал-мајор, командант на НОВ и ПОМ , от гр. Штип

5. Страхил Гигов, началник на персоналното оделение на ГШ на Македонија, от гр. Велес

6.Петре Пирузе, адвокат от гр. Охрид

7. Кирил Петрушев, типографски работник от гр. Скопје

8.Јован Гјоргов, свештеник от село Дреново, Кавадарско

9.Енаминонда поп Андонов, професор от Струмица

10. Генадие Илиев Лешков, земјоделец от с. Дреново, Бродско

11. Кемал Аголи, студент по филозофија, от Дебар

12. Инж. Лазар Соколовски, ецономист от Куманово

13. Вера Ацева, домаќинка од Прилеп

14. Камбер Хасан, земјоделец от с. Долно Дисан, Кавадарско

15. Ацо Петровски, кројач од Скопје

16. Младен Ѓоргиев Челопечки, земјоделец от с. Челопек, Кумановско

17. Лилјана Чаловска, студентка от Битола“.[65]

[65] Ibid,602.

## 2.1. Законодавни акти донесени на првото заседание на АСНОМ[66]

По поднесувањето на извештајот и рефератите на Иницијативниот одбор и водената дискусија на Првото заседание на АСНОМ се пристапи кон донесување на решенија и други значајни акти што преставуваат конститутивни елементи на државноста на македонскиот народ и основа за уставното устројство.Меѓу нив ги издвојуваме следниве документи:

1. *Решение на АСНОМ како врховно законодателно и исполнително народно преставително тело и највисок орган на државната власт на демократска Македонија (АСНОМ).*

Ова е основниот акт со кој се прогласува создавањето на македонската држава како рамноправна федерална единица во ДФ Југославија.

Се конституира врховно, законодавно и извршно претставничко тело на Македонија во лицето на АСНОМ, се утврдува неговата надлежност и начинот на нивното вршење. А прогласувањето на македонската држава се врши посредно преку конституирањето на АСНОМ како највисок орган на таа држава. Решението прокламирало дека врз основа на „суверената волја и правото на самоопределение на народот на Македонија“ и во согласност со решенијата на АВНОЈ се прогласува создавањето на „македонската држава како рамноправна федерална единица во демократска федеративна Југославија“. [67]

Со решението е утврдена основната организација на АСНОМ (член 4),така што се востановува Президиум на АСНОМ кој со својата работа одговара пред АСНОМ (член 7) и кој до формирањето на владата ги извршува нејзините функции

[66] Од вкупно девет акти ( седум решенија , една декларација и еден правилник) карактер на основни државно-правни акти имаат четири: Решението на АСНОМ како врховно законодателно и исполнително народно преставително тело и највисок орган на државната власт на демократска Македонија (АСНОМ), Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на демократска Македонија, Решението на АСНОМ за воведување на македонскиот јазик како служебен јазик во македонската држава и Решението на АСНОМ за одобрување на решенијата, заповедите и задолженијата земени од Главниот штаб на НОВ и ПОМ и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ

[67] Д-р Александар Литовски македонската националноослободителна платформа во II светска војна (1941-1944), Скопје, 2008, 247.

(член 11). Карактеристично е и тоа што за секое заседание на АСНОМ се избира и работно претседателство задолжено и избрано само за тоа заседание (член 13).[68]

Со самото конституирање на македонската национална држава, се создавала меѓународно правна основа за поставување на барањето за обединување на македонската нација. Но, сито така, конституирањето на државата само на дел од целокупната територија на Македонија, не било во согласност со македонската националноослободителна платформа и укажува на делумно решение на македонското национално прашање, барем во тие моменти.[69]

2. *Декларација на АСНОМ за основните права на граѓанинот на демократска Македонија.*[70]

Овој документ претставува акт со кој се потврдувала широката идејна основа на НОАВМ и акт со кој новата македонска држава се поставува на демократски темели. Со Декларацијата се проламира еднаквоста и рамноправноста пред законите без разлика на националноста, полот, расата, вероисповедта. Со Декларацијата се гарантира сигурнот на личноста и имотот, право на сопственост и приватна иницијатива во стопанскиот живот, слобода на вероисповед и на совест, слобода на говор, печат, собирање, договор и здружување, избирачко право на сите граѓани што наполниле 18 години, право на жалба против решенијата на органите на власта и правото на молба и поплака до сите органи на државната власт.[71]

На еден начин целокупната содржина на Декларацијата упатува на заклучокот дека во времето на создавањето на македонската држава на преден план биле ставени слободите и правата на човекот и граѓанинот, самите тие

---

[68] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори , Скопје 1981, 590-591.
[69] Ibid, 592.

[70] Декларацијата за граѓанските права во Македонија е еден значаен историски документ инспириран од Францусквата декларација за правата на човекот. Тој на јасен, краток и суштински начин ги рефлектира сите политички, социјални, етнички и економски права, според замислата на докторот по правни науки Владимир Полежиновски.

[71] Ibid,593.

произлегуваат од исконските стремежи и желби на македонскиот народ за признавање на неговата самобтност и за политичко и социјално ослободување.

3. *Решение на АСНОМ за воведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава.* [72]

Овој документ исто така е државотворен акт со посебно значење за афирмацијата на постоењето на македонската нација. Иако краток по својата содржина: „Во македонската држава како службен јазик се заведуе народниот македонски јазик“.[73] Тоа било резултат на константно присутна македонската национална свест низ целата НОАВМ. Сепак оваа решение не значело само признавање на јазикот на комуницирањето меѓу луѓето во македонската држава, туку државен акт за државно востанување на јазик на кој ќе работат сите државни и други органи во замјата, поаѓајќи од тоа дека јазикот е еден од елементите на нацијата и потреба на државата во остварувањето на нејзините функции.

4.*Решение на АСНОМ за прогласување на Илинден 2-август – за народен државен празник на мекедонската држава.*[74]

Илинденските традиции како симбол на македонскиот национален идентитет, се декларирани скоро во сите програмско-политички документи на македонското националноослободително движење во текот на НОАВМ. Со оваа решение на еден начин се покажува дека македонската држава е национална држава на македонскиот народ.

Исто така на Првото заседание на АСНОМ ќе бидат донесени и други документи како што се:

5. *Решение на АСНОМ за образување на државна комисија за утврдување на престапите на окупаторите и нивните соработници.*[75]

---

[72] Ibid,594.
[73] Ibid,594.
[74] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори , Скопје 1981,599.
[75] Ibid,596.

*6. Решение на АСНОМ за одавање признание и благодарност на Народноослободителната војска на Македонија.*[76]

*7. Решение на АСНОМ за образување на законодавна комисија при Президиумот на АСНОМ.* [77]

*8. Решение на АСНОМ за одобрување на решенијата, заповедите и задолженијата земени од Главниот штаб на НОВ и ПОМ и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ.*[78]

*9. Правилник за работа на АСНОМ.*[79]

[76] Ibid,595.
[77] Ibid,598.
[78] Ibid,599.
[79] Ibid,596

## 2.2. Манифестот издаден од првото заседание на АСНОМ

Манифестот е посебено свечено обраќање на врховната власт кон населението по повод важни политички настани или свечени датуми. Манифест на Првото заседание на АСНОМ ги истакнува идеалите на нашите претци, за единство и обединување на сите сили до конечно ослободување на Македонија.

Манифестот го повикува македонскиот народ и народностите на општа мобилизација до конечна победа - истерување на окупаторите. Во извадоците од овој Манифест може да се види континуитет на идеалите на Илинденското востание, континуитетот на вековната македонската борба за создавање на самостојна и национална држава на македонскиот народ, за која илијадници македонски синови и ќерки ги положиле своите животи и предупредување до секој кој ќе му застане на патот до полна национална слобода.

„Македонски народе, Илинденското востание откри пред цел свет колку е тврда твојата решеност да не бидеш роб на никого, ами да живееш како слободен народ. Илинденската епопеја ти покажа и тебе колку е силна твојата тупаница кога се подигна за извојуване на слободата. И токму таа сила ги заплаши твојте скриени и отворени душмани- империјалистите од комшиските балкански држави. Уплашени од таја борбена сплотеност тие се опитаја со својата отровна пропаганда да те разединат за полесно да те поробат "...[80]

Во самиот Манифест откако ќе биде направен пресек на историјата на македонскиот народ и неговата борба за слобода посебно се подвлекува моментот со кој „ првото македонско Народно собрание го прокламира пред цел свет своето праведно и неостапно сакање ЗА ОБЕДИНЕНИЕ НА ЦЕЛИОТ МАКЕДОНСКИ НАРОД на принципите на правото за самоопределување. Со това ќе се тури крај на

[80] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори , Скопје 1981,605

робството на македонскиот народ во сите негови делови и ќе се создадат условија за искрена солидарност и мир между балканските народи"...[81]

Понатаму забележуваме јасно дистанцирање од пропагандите на нашите балкански соседи ( пред се големобугарската и големосрбската) но и укажување на злоделата што ги направиле посебно во периодот меѓу двете светски војни. Јасно и недвосмислено се посочуваат предавниците на македонскиот народ кои биле во служба на окупаторот.

...„Македонски народе, Изненаден от твојата сплотеност, исплашен од смелите удари на твојата војска, поганиот фашистички окупатор разбира оти сам нема да може да се додржи во Македонија. По стариот обичај на сите пробувачи, тој побара и најде гнасни изроди, готови за фрлената коска да го продадат собствениот народ. Чкатровци и Ѓузеловци, Китинчевци и Ципушевци се натпреваруваат кој посрамно да те продаде. Од шпионското служение на фашистичкиот окупатор, овие одвратни јуди стигнаја до организиране на банди, составени од најкриминални албански и домашни елементи, за борба против нашата Народно-ослободителна војска, за крволочно избиване на мирното македонско население и за паленје на македонските села...“[82]

Во манифестот АСНОМ посебно се обраќа до Македонците во Бугарија и Грција, укажувајќи дека:

... „Македонци под Бугарија и Грција, Обидението на целиот македонски народ зависи од вашето участие во гигантскиот антифашистички фронт “...[83]

Повик ќе биде упатен и до други социјални и општествени слоеви во македонското население.[84] А се прокламирало и правото на слобода и рамноправност на сите народности што живеат во Македонија посебно се објаснувало дека :

---

[81] Ibid,609.
[82] Ibid,607.
[83] Ibid,607.
[84] Македонски работници, Македонски селани,Македонски младинци и младинки!

... „Поробувачите на Македонија од везден сакале да не разделат и скарат за полесно да ја владат нашата татковина и да ги грабат нашите народи. Тешкото минато ни покажа оти интересите на нашите народи са исти, а нивната садба заедничка. Во овие решителни моменти сите ние изградуваме слободна Македонија. Каква Македонија ќе изградиме, таква ќе ја имаме“....[85]

Во духот на широко прифатената македонска платформа и многу пати објавувана во разни документи во текот на НОАВМ, се повикаувале учесниците во Илинденското востание да се вклучат активно во борбата против окупаторот и заеднички учествуват во градењето на македонската држава.

... „ Илинденци, Крвавиот фашиски окупатор спекулира со вашите жертви и со вашата крв. Тој срамно ги изопачува целите на вашата несебична борба во миналото. Тој се опирва да го сроза вашиот авторитет, употребувајќи ве како перде за страшниот грабеж и терор спроведуван над вашата земја. Се исполнуват целите за кои вие сте се бориле. Македонија врви кон својата слобода, кон непостигнатиот идеал за кој хиладници ваши другари ги дадоа својте животи во Илинденската епопеа. Напред во борбата за идеалите за кои вашата генерација се бореше, а нашата ги исполнува! Напред стари и млади за изградуване на слободна Македонија“....[86]

[85] Ibid,610.
[86] Ibid,610.

## 2.3. АСНОМ како законодавно-извршен орган и орган на привремена влада

Создавањето на Македонија како федерална држава во рамките на ДФ Јгославија бараше конституирање на свои највисоки претставнички тела, така што една од најзначајните одлуки на АСНОМ беше одлуката за негово конституирање како врховно, законодавно и извршно-претставничко тело на македонскиот народ.

Во согласност со решенијата и одлуките кои биле донесени на Второто заседание на АВНОЈ (29 ноември 1943 г.) за идното федеративно уредување на државата, утврдени со Атлантската повелба и во неа содржаните начела на територијален интегритет и на правото на самоопределување, претставуваа признавање на тоа право на сите југословенски народи, меѓу кои и на македонскиот.[87]

Во текот на НОБ во Македонија беа поставени сите основи на идната државност врз правото на самоопределување: јасно дефинирана национална програма и цели, создавање народноослободителна војска и ослободување на територијата од окупаторот, слобода за македонскиот народ на поширокиот балкански простор и формирање народноослободителни одбори како зародиш на новата држава, со сите функции на власт.[88]

Сето тоа доволно аргументирано покажува дека во текот на Народноослободителната борба процесот на ферментација на македонската нација беше обликуван како единствена и јасно изразена волја за создавање на сопствена држава и решителност до таа цел да се пристигне со сенародно вооружено востание. [89]

---

[87] „Југославија се изградуе и ќе се изгради на федеративен принцип, кој ќе им осигури полна рамноправност на Србите, Хрватите, Словенците, Македонците и Црногорците, односно на народите на Србија, Хрватска, Словенија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина".

[88] *Евгени Димитров,* Педесет години современа македонска држава, Зборник: АСНОМ, Педесет години македонска држава 1944–1994, Прилози од научен собир, МАНУ Скопје; (1995), 213.

[89] Апостолски, Михаило, Воените успеси на НОВ и ПОМ –фактор за одржувањето на АСНОМ, Зборник: АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, Реферати од научен собир, МАНУ, Скопје, 1987, 113.

Според тоа АСНОМ се конституираше како легитимен претставник на македонскиот народ и највисок орган на Македонија. Па така и неговите одлуки ќе имаат не само конститутивен туку и деклараторен карактер, зашто го објавуваат резултатот на долготрајното и постојано попречуваното создавање на македонската нација.

Основните документи за конституирањето на државата – Решението за прогласување на АСНОМ во врховно законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт на демократска Македонија и Декларацијата за основните права на граѓанинот на демократска Македонија, ја изразуваат определбата за нејзина заснованост врз принципите и за национален (етнос) и за народен (демос) суверенитет. Со нив Македонија е дефинирана како држава на македонскиот народ и на сите граѓани што живеат во неа – константа што го одредува прашањето за суверенитетот во целиот нејзин подоцнежен уставен развиток. [90]

Со Решението на Антифашиското собрание на народното ослободување на Македонија како врховно законодателно и и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт на демократска Македонија (АСНОМ)[91] ќе биде извршено целосно заокружување на системот на народната власт во Македонија. Тој преставува основен акт со кој се конституираа највисоките органи на народната власт како што се: АСНОМ, Президиумот на АСНОМ[92] и Народната влада. Тој ќе го утврди и нивниот меѓусебен однос, како и меѓусебните права и обврски.

Со Решението на АСНОМ неговиот Президиум ќе биде овластен во времето меѓу заседанијата да ја врши законодавната функција. А согласно Членот 5 и 6 од

[90] Светомир Шкариќ, Суверенитетот во документите на АСНОМ, Зборник: АСНОМ, Педесет години македонска држава 1944–1994, Прилози од научен собир, МАНУ Скопје, 1995, 337.
[91] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори , Скопје 1981,590-593.

Решението Президиумот на АСНОМ [93], до формирањето на владата, привремено да ги врши нејзините функции.

Поради текот и развојот на народноослободителната борба во Македонија Президиумот на АСНОМ често ги менуваше локациите каде ги одржуваше седниците.[94]

На својата прва седница Президиумот ќе пристапи кон организирање на системот на народната власт во Македонија. Втората точка од дневниот ред се однесувала на изборот на осум ресорни поверенства и именување на лица одговорни за тие одделни ресори. Ќе биде донесено *Решение за организација поверенства при Президиумот на АСНОМ и именување на нивни раководители.*

„Президиумот на АСНОМ ги создава следните поверенства и (ги) именува нивните раководители:

1. Повереник за информации — Панко Брашнаров,
2. Повереник за внатрешни работи — Киро Петрушев,
3. Повереник за просвета — проф. Епаминонда Поп-Андонов,
4. Повереник за народно стопанство и обнова — инж. Лазар Соколов,
5. Повереник за финансии — Богоја Фотев,
6. Повереник за соопштенија и градежи — Страхил Гигов,
7. Повереник за социјална политика — Ацо Петровски,
8. Повереник за судство — Петар Пирузе.[95]

---

[93] Президиумот на АСНОМ се јавува во улога на единствен носител на законодавната и извршната власт. Оваа концентрација на власт е условена поради воената состојба како и поради брзото решавање на многубројните проблеми кој настанувале во текот на воените операции како и за организирање на животот во слободните територии.

[94] Првата и втората седница се одржани во с. Рамно на 6 односно 14 август 1944 година во училиштето на с. Рамно -Кумановско, третата во манстирот св. Прохор Пчински од 2-5 септември 1944 година, наредните шест седници ги одржува во с. Горно Врановци – Велешко, следните беа одржани во веќе ослободениот главен град Скопје, Зборник на документи од АСНОМ, ИНИ, Скопје 1964, 327, 340, 351,.381,394,399,394,446, 452, 467,476,481,494,503,512,521

[95] Ibid,331.

Третата точка од дневниот ред се однесувала на територијално-административната поделба на Македонија, според кој било донесено *Решение за поделба на Македонија на области, околии и општини.*

„Македонија се дели на следните четири области: Скопска, Битолска, Штипска и Кичевско-Дебарска. Областите се делат на околии и општини. Окрузите се укинуваат и лицата избрани во нив се приклучуват во областа. “[96]

Оваа поделба за краток временски период ќе биде променета со тоа што ќе биде укината Кичевско-Дебарската област, во ранг на околии ќе бидат подигнати градовите Скопје, Куманово и Тетово од Скопската област; Битола Прилеп и Охрид од Битолската област; Штип и Струмица од Штипската област.

Иако Президиумот на АСНОМ успешно се справуваше со сите предизвиците а посебно со работата врз реализација на најзначајните документи од Првото заседание на АСНОМ, сепак од неговата работа не биле задоволни органите во југословенската федерација, посебно Националниот комитет за ослободување на Југославија. Поради што ќе биде наложена инспекција на нивната работа како и инструкции за поинакво организирање. Работата на Иницијативниот одбор ќе биде оценета како неефикасна и се барало негово редуцирање со помалку луге и формирање на работно тело. Формирањето на работното тело на Президиумот на АСНОМ не било предвидено во решенијата ниту во другите документи со тоа се одстапи од од Решението со кое Президиумот во целина требало да ја врши извршната власт. Овој начин на однесување на федералните органи кон Президиумот само ја најави намерата да се постигне цврсто поврзување со федерацијата и што побрзо ставање во едни административно-централистички рамки.[97]

Покрај Првото, АСНОМ одржа уште две заседанија, кои беа иинициирани не само од потребата, туку и поради обврската да се свикува на одреден период на редовни или вонредни седници. Од 14-16. IV 1945 година се одржа Третото

---

[96] Ibid,328.

[97] Новица Велјановски , Педесет годино од Првото заседание на АСНОМ, ИНИ , гласник 38, 1-2, 1994, 7-9

заседание на АСНОМ на кој АСНОМ ќе биде извршено преименување во Народно собрание а ќе биде формирана и Влада на ДФМ.[98]

Владата ќе биде формирана по примената на Упатството за формирање на федералните единици донесено од АВНОЈ на 5 април 1945 година. Формирањето на влада во тие услови означуваше еден повисок степен на функционирање на тогашната власт, пред се заради оделување на законодавната од извршната функција. На тој начин ќе биде создаден еден унифициран тип на државни органи во целата Федерација. [99]

На 15 април 1945 година во рамките на одржувањето на Третото заседание на АСНОМ[100] ќе биде донесен Законот за изменување и дополнување на Решението за конституирање на АСНОМ како врховен законодавен и извршен орган на државната власт на Демократска Македонија.[101]

Согласно овој закон, Президиумот ќе биде преименуван во Президиум на Народното Собрание на Македонија, и во иднина ќе ја врши законодавната функција помеѓу заседанијата. Извршната функција ќе пренесена на новоформираната влада на чело со Лазар Колишевски. А исто така ќе бидат укинати поверенствата во состав на Президиумот. Врз основа на овие промени, на седницата на АСНОМ од 15 април, Президиумот на АСНОМ ќе поднесе оставка, по што следниот ден ќе биде избран составот на Президиумот на Народното Собрание на Македонија.

---

[98] Ibid, 15, 16.

[99] Виолета Ачкоска, Местото и улогата на владите на Македонија- некои аспекти од нивното конституирање и работа 1945-1995 година, ИНИ гласник 39, 1-2, , 1995, 15.

[100] Третото заседание на АСНОМ во литературата и документите е познато и како Второ вонредно заседание.

[101] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори , Скопје 1981,642.

## ГЛАВА ТРЕТА

## 3. ПОЛОЖБАТА НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1943-1944 ГОДИНА

По капитулацијата на Југославија германската влада и дозволила на бугарската војска да го завземе поголемиот дел од Вардарска Македонија, освен градовите Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево, Струга кои што биле окупирани од италјанската војска. Во меѓувреме високиот клир на Српската православна црква ги напуштил епархиите и заминал во Србија.[102]

Во делот на Македонија окупиран од бугарските војски била воспоставена јурисдикцијата на Бугарската православна црква. На територијата која влегла под јурисдикција на Бугарската православна црква била направена реорганизација на епархиите кои постоеле до 1941 год. Скопска, Охридско-битолска и Злетовско-струмичка епархија. Наместо нив, Бугарската православна црква формирала нови три епархии и тоа: Скопско-велешка, Охридско-битолска и Струмичко-драмска епархија. На чело на епархиите застанале митрополити кои биле надлежни за епархии во Бугарија, додека во Македонија само администрирале.[103]

Но, сите овие активности траеле се додека во Македонија била присутна бугарската власт и војска. Заедно со повлекувањето на бугарските војски и администрација во 1944 година, се повлекла и Бугарската православна црква.

Во западна Македонија во црковен поглед окупираната територија потпаднала под јурисдикција на Албанската православан црква. Веднаш била извршена реорганизација и на црковен план и биле организирани архиерејски намсништва во градовите Дебар, Кичево, Тетово и Струга, кои потпаднале под албанскиот архиепископ во Албанија.[104]

Паралелно со ослободувањето на Македонија од фашистичкиот окупатор и решавањето на македонското државно-правно и национално прашање во текот на

[102] Историја на македонскиот народ, Скопје, 2008, 261
[103] Борче Илиевски, Македонско-српските црковни односи 1944-1970, Филозофски факултет Скопје 2011, 17
[104] Ibid,18.

Втората светска војна македонското свештенство ќе се ангажира за решавање на македонското црковно прашање. Тоа секако водело преку возобновување на некогашната автокефална Охридска архиепископија.

Со прогласувањето на Демократска Федерална Југославија на Второто заседание на АВНОЈ [105] македонскиот народ и македонскиот јазик беа признати како рамноправни со другите конститутивни народи на Југославија. Со тоа се отварала можноста конечно македонскиот народ освен националното и социјалното да добие и духовно ослободување.

Создавањето на македонската држава како рамноправна федерална единица, кај македонското православно свештенство и кај верниот народ уште повеќе ќе ги изрази надежите за конечно решавање на црковното прашање во рамките на македонската држава. Македонското свештенство и народ не сакале и понатаму да бидат духовно потчинети. Тие активно ќе се вклучат во Народноослободителната борба а со тоа ќе се изборат за правото на своја црковна слобода и самостојност. Тоа посебно ќе биде истакнато на Првиот свештенички собор одржан во октомври 1943 година, во Издеглавје.

Авторитетот на македонското свештенство во НОД на Македонија било прилично голем, за што сведочи и неговото учество на Првото заседание на АСНОМ. Тоа ќе биде голем чекор за Македонската црква. Определбата да се биде и да се остане со својот народ, да се бори и да се гине се до слободата, македонското свештенство само си избори правото, а вистинските преставници на македонскиот народ – Главниот штаб на НОВ и ПОМ, ЦК КПМ и Иницијативниот одбор- му обезбедија место со своите претставници на овој историски чин. Со учеството на свештениците Вељо Манчевски, Иван Велев, поп Шаќо и Кирил Стојанов, со нивниот глас при донесувањето одлуки, тие придонесоа за слободната Македонска црква.[106]

---

[105] Второто заседание на АВНОЈ е одржано на 29.11.1943 година во градот Јајце Босна и Херцеговина.
[106] Д-р Миодраг Периќ, Историско-правните аспекти на односите помеѓу Српската православна црква и Македонската православна црква, Мисла, 1998, 196.

Уште на Првото заседание на АСНОМ со првите политичко- програмски документи за идната државно-правна положба на Македонија била донесена Декларација за основните права на граганите според која во член 1 и 4 се вели:

„Сите граѓани на федералната македонска држава се еднакви и рамноправни пред законите, не гледајќи (на) нивната народност, пол, раса и вероисповедание. “

„ На секој граѓанин му е загарантирана слободата на вероисповеданието и слободата на совеста“.[107]

Според ова Народноослободителната борба, покрај ослободувањето на земјата од окупаторот се водела и за создавање на услови за општо ослободување на човекот, посебно личната слобода во која спаѓа слободата на совеста и вероисповедта. Па така религиите и верските заедници ќе бидат приватна работа на граѓаните, но исто така морале да бидат одделени од државата.[108]

---

[107] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори , Скопје 1981, 593.

[108] Во уставот на ФНРЈ од 1946 година за прв пат бил дефиниран односот кон религијата и верските заедници. Во член 25 од Уставот било пропишано : „ На граѓаните им е загарантирана слободата на совеста и вероисповедта. Црквата е одвоена од државата. Верските заедници, чие учење не се противи на Уставот, се слободни во своите верски работи и во вршењето на верските обреди.“

### 3.1. Положбата на македонските епархии под бугарска власт

На 1 март 1941 година во Виена премиерот Богдан Филов потпишува пристапувањето на Бугарија кон трипартитниот пакт (оската Германија, Италија и Јапонија). Во истиот ден војските на Вермахтот почнале да навлегуваат на бугарска територија и да се распоредуваат на јужната и западната граница. На почетокот на април 1941 година е извршена германско-италијанска инвазија на Југославија и Грција. Без да учествува, непосредно во воените дејствија, Бугарија добила право од своите сојузници да влезе во заземените територии и да воспостави привремено администрирање. Конечната решавање на прашањето за државните граници бил одложено по завршувањето на војната. Така на 19 април 1941 година бугарската влада испратила војници во окупираните територии, а започнало и формирање на бугарска цивилна администрација.[109]

Во оваа сеуште нејасна и премногу сложена состојба во пролетта 1941 година Бугарската егзархија бргу се ориентира и гради структурата на црковната власт и пристапува кон нејзиното создавање.

На 29 април 1941 година, Светиот синод на Бугарската Црква ќе биде свикан во полн состав во Софија на вонредна седница. Било потребно да разговара за канонските мерки што требало да се преземат со цел воспоставување на црковна власт во новоослободените епархии.

На оваа вонредна синодална сесија, заменик претседателот на Св. синод Видински Митрополит Неофит во своето воведно слово ги известил своите духовни браќа, дека имал средби со министерот за надворешни работи и вероисповеди Иван Попов и премиерот Богдан Филов. На овие состаноци биле разменети мислења за новонастанатата црковна состојба. Синодалните архиереи прифатиле "краток проект за црковното распределба на новоослободените

---

[109] М. Цекова, С. Елдъров, В. Стоянова, Изследване ролята на Българската православна църква в събитията от Втората световна война и линията Метаксас, София 2012, 35.

области", -изготвен од дел од архиереите на Св. синод на седницата на 25 април 1941 година и разгледан во Министерството за надворешни работи.

Според него на територијата на Македонија биле воспоставени следниве епархии: 1. Охридско-битолски со градовите Битола, Дебар, Кичево, Костур, Крушево, Лерин, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга; 2.Скопско-Велешко со градовите Велес, Врање, Гостивар, Кочани, Кратово, Куманово, Лесковец, Паланка, Скопје, Тетово и Штип и 3.Струмичко-Драмско епархија со градовите Барак-Џумаја, Демир-Хисар, Драма, Кавала, Пехчево , Радовиш, Серес и Струмица.

Св. Синодот решава исто така кои епископи да управуваат новоформираните епархии. Во Охридско-битолската епархија бил испратен Ловчанскиот митрополит Филарет а помошник му бил Браничкиот епископ Максим; Скопско-Велешката била управувана од Трновскиот митрополит Софрониј со помошник Брегалничкиот епископ Панарет, во Струмичко-Драмско епархија Неврокопскиот митрополит Борис со помошник Драговитскиот епископ Харитон.[110]

Во почетокот на 1943 година Струмичката духовна околија била одделена од Струмичко-Драмската и била присоединета кон Скопско-Велешката.

Колку Бугарската влада сметала на црквата може да се заклучи од изјавата на заменикот епархиски архиереј во Скопје, архимандритот Стефан кој, меѓу другото изјавил дека Бугарската црква како секогаш низ историјата, така и во моментот стои на преден план и како верна стража бдее над создавањето и издигнувањето на бугарскиот дух во Македонија. Меѓу првите мерки кои ги презела бугарската власт било протерувањето на српските владици и свештеници што биле дојдени од Србија. Исто така биле протерувани и апсени свештеници и мирјани кои не биле „благонадежни“ под сомневање дека се србофили.[111]

Проблемот со свештеничкиот кадар Бугарија го решила на тој начин што од Бугарија биле доведени околу 280 свештеници и административци во епархиските

---

[110] Петър Петров, Христо Темелски, Църква и църковен живот в Македония, Екзархийското дело по време на Втората световна война, (Македонски Научен Институт, София, 2003)

[111] Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква,Македонска книга,Скопје, 1989, 989.

совети, и тоа најмногу од Трновската и Ловченската епархија. Сепак свештениците ги задржале своите претходни парохии, останувале во Мкаедонија по 4-5 месеци и биле заменувани со други. За да останат во Македоднија им биле давани разни повластици и бенефиции и посебни награди „за вршење специјални задачи во новоослободените краишта."

Затечените македонски свештеници биле испраќани во Бугарија на специјални курсеви да се оспособата да служат и проповедат на бугарски јазик. Исто така Св. Синод ги повикал сите богослови кои учеле во српските богословии да го продолжат своето образование во бугарските богословии но претходно требало да достават документи т.е. уверенија за „благонадежност" од месните црковни власти.[112]

Освен тоа Бугарската црква била активно вклучена во ширењето на бугарската култура и историја формирајќи голем број на здруженија, секции, организации, библиотеки и читалишта на територијата на Македонија.

Во текот на есента 1944 година настанува повлекување на бугарската војска , граѓанската и црковна администрација од новоослободените територии во Вардарсака и Егејска Македонија. Тоа фактички бил крајот на активното и реално учество на Бугарската егзархија во решавањето на „бугарското национално прашање и обединување на бугарските етнички територии во една национална држава". Освен политичката промена на 9 септември 1944 година настанува и егзархиска промена. Со помош на Отечествениот фронт и власта на 21 јануари 1945 година бил свикан егзархиски собор. Најмногу глсови ќе добие софискиот митрополит Стефан и со тоа бил избран за трети по ред и полследен бугарски егзарх.[113]

---

[112] Ibid,990-991.

[113] М. Цекова, С. Елдъров, В. Стоянова, Изследване ролята на Българската православна църква в събитията от Втората световна война и линията Метаксас, София 2012, 39.

## 3.2. Македонските епархии во рамките на Албанската православна црква

Окупационата зона во Западна Македонија, што подпаднала под фашистичка Италија, административно им била доделена на албанските фашистички квинслизи. Напоредно со административната поделба на префектури и потпрефектури, Албанската православна црква ќе спроведе соодветна реорганизација и во црквите. Организирани биле намесништва во Тетово, Кичево, Дебар и Струга, додека за парохиско свештенство останале домородните свештеници. Упразнетите парохиски места, поради емигрирањето на голем број свештеници, беа пополнувани преку ракополагање за пари на неквалификувани месни луѓе.[114]

Во склоп на општата политика на албанските фашисти од албанската црква се барало да преземе мерки насочени кон зацврстување на италијанско-албанската власт и кон денационализација кон населението. Сепак Албанската црква не успеала да изврши големо влијание на територијата на западна Македонија. Од друга страна пак се посилно се разгорувала националната и верска нетрпеливост и омраза. Отпорот на свештенството бил голем, дури одбивале на богослужбите да го спомнуваат името на императорот Емануел III , кралицата Елена и престолонаследникот Умберто Савојски. [115]

Многу сериозен проблем во западна Македонија бил иселувањето на македонското население што уште повеќе ќе ја влоши состојбата на православната црква во овие краишта, а многу парохии останале без народ и свештенство. И покрај настојувањата Албанската православна црква не можела во целост да ја наметне својата јурисдикција. Три парохии од Тетово одбивале да се потчинат на архиепископот Христофор и не сакале да ја признаат јурисдикцијата на

[114] Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1972, 112.
[115] Ibid,113.

Албанската православна црква, додека кичевскиот архиерејски наместник, воопшто не примал никакви принадлежности.[116]

Сепак Албанската православна црква се интересирала за богатството на црквите и манастирите. Тоа особено се гледа во писмото на претседателството на Светиот синод  од 26.06.1942 година под бр. 1134, потпишан претседателот на Православна автокефална црква, главен епископ на целокупна Албанија Христофор упатено до Преосвештениот епископ на Призрен, превозвишените застапници на епископијата во Дебар, Тетово, Гостивар, Кичево, Струга и Царев Двор.  Во кое се вели:

„Очекуваме да не известите, што порано, да ни дадете детална информација за црквите и манастирите во вашиот реон со овие ознаки 1. Број; Име на црквата и манастирот; 3. Детално богатство што има, што опфаќаат; 4. Годишен приход; 5. Број на персоните што опфаќаат; 6. Количина на бонови, акции или депозити што има во банка и во која банка се наоѓаат; 7. Точна сума на таксите што сте ги плаќале на Државата или Централната црква за време на екс-југословенскиот режим; 8. Целокупна сума на годишни трошкови“.

Во друго пак писмо на претседателството на Светиот синод  од 25.09.1942 година под бр. 323, потпишан претседателот на Православна автокефална црква, главен епископ на целокупна Албанија Христофор, упатено до епископот на Призрен, застапници на епископски во Дебар, Тетово, Гостивар, Кичево, Струга и Царев Двор. Информира за статусот и регулативите што се на сила и вели:

„За ваше знаење и за комуникација со манастирите под наша јурисдикција, Ве известуваме дека врз основа на регулативите за целосно администрирање на автокефалната Албанска православна црква и статусот на црквата, имотот законски и незаконски и припаѓа на автокефалната црква. Треба да се земе во предвид дека заедниците и општините на ослободените територии во кралството Албанија, се ставени и се под примена на тие албански закони, така да и црковните регулативи се одобрени од државата, имаат форма на закон, исто тоа нормално се

[116] Глигор Тодоровски, Прилог кон изучавање на окупаторскиот систем во западна Македонија, Гласник на ИНИ, Скопје 1963, VII/2, 24.

однесува за имотите црковни и на манастирите и во примена се диспозитивите и статусот и регулативите што се на сила. Врз основа на диспозитивите горенаведени, ги известуваме манастирите дека имотите манастирски се администрираат директно од Привремениот економски совет во Тирана, без чија дозвола или авторизација не може да се прави никакво продавање, посредување или инајмување на манастирски имоти. Исто така се известуаата манастирите што се под ваша јурисдикција дека секој Игуменски совет е задолжен на почетокот на секоја финансиска година, да ги испрати тие барања во Превентивниот манастирски буџет на економскиот совет во Тирана. Овој буџет по одобрение на Советот за кој станува збор, ќе им ги врати на манастирите назад за да ги стават во примена. "

И покрај сите настојувања Албанската црква не успеала да воспостави целосно контрола и власт над територијата која ја управувала. Посебно ќе се намалува нејзиното вијание со рзгорувањето на народното востание на територијата на Македонија. Но не престанал теророт од страна на фашистичкиот окупатор врз населението, тој уште повеќе се зголемувал. Не биле поштедени ниту свештениците, не можејќи да ги скршат уште помалку да ги стават во своја функција, безмилосно ќе почнат да ги прогонуваат.

Убивањето на свештениците требало да го заплаши народот и да ги одврати од подршката на партизанското движење. Како жртви на фашистичката влст ќе бидат свештениците: Јован Поповски од с. Селце убиен 1943 година од балистите во својот дом на 90 годишна возраст, Ристо Ристовски од с. Мешеишта-Охридско убиен на 4 мај 1944 година, Ѓорѓи Штериовски од с. Селце-Дебарско на ѕверски начин убиен од албанските балисти на 2. Ноември 1943 година, Филип Гавриловски од с. Дуф – Гостиварско убиен 1942 година, Никодин Аџиевски с. Симница Гостиварско убиен 22 септември 1942 година. Наместо страв ѕверските убисва на свештениците, уште посилно го издигнувале духот на народот. [117]

[117] Доне Илиевски, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје, 1987,49-50.

## ГЛАВА ЧЕТВРТА

### 4. ФОРМИРАЊЕ НА ВЕРСКО ПОВЕРЕНСТВО[118] И ОДРЖУВАЊЕ НА ПРВИОТ СВЕШТЕНИЧКИ СОБОР НА СЛОБОДНА ТЕРИТОРИЈА

Народноослободителното движење во Македонија ќе прерасне во масовно движење особено по капитулацијата на Италија, Главниот штаб на НОВ и ПОМ пристапуваат кон организирање на првите органи на новата револуционерна власт. Во првите народноослободителни одбори, активно учество ќе земат поголем број и на свештеници. На новоформираната слободна партизанска територија која што се простирала од Гостивар до Ботун и од Дебар до бугарската окупациска граница ќе бидат преземени мерки за организирање и средување на црковните прилики и верскиот живот.[119]

На 11 октомври 1943 година Главниот штаб на НОВ и ПО за Македонија кој се наоѓал во селото Црвена Вода- Охридско, пристапил кон организирање на власта на ослободената територија, а истовремено формирал неколку служби и одделенија, за да ги регулираат односите меѓу воените единици и политичките власти. Тогаш била донесена одлука за формирање на Верско поверенство[120] при Главниот штаб за Македонија. А веќе, на 15 октомври 1943 година, го назначил и првиот верски референт. Во наредбата било речено:

„за верски референт при Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија е назначен Вељо Манчевски свештеник од Дебар. Сите негови наредби и решенија

---

[118] Установа раководена од комесар или повереник, во овој случај- раководител на една ново формирана црковна организација.

[119] Доне Илиевски, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје, 1987,50-52.

[120] За подобро организирање на животот во слободната територија, при ГШ на НОВ и ПОМ беа организирани референтства задолжени за одредени области (ресори). Едно од нив беше и Верското референство кое имаше задача за организирање на слободен верски живот

се задолжителни за сите свештеници и црковни општини на ослободената територија“.[121]

Формирањето на верското поверенство при Народноослободителната борба, и тоа веднаш, уште при формирањето на првите органи на народната власт на македонската слободна територија, покажува со каква сериозност се приоѓало кон македонското црковно прашање, кое останало отворено од 1767 година, по укинувањето на Охридската архиепископија.[122] Актот на формирањето на Верското поверенство, македонското народно свештенство го примил и доживеал како триумф на заедничката борба за национална и духовна слобода.

Свештеникот Вељо Манчевски откако бил поставен за верски референт, веднаш се зафатил со средување на верскиот живот, пред се на утврдување на местото и улогата на православните свештеници на слободната територија. Во тоа посебно значење одиграло циркуларно писмо до свештениците во парохиите на слободената територија во Македонија. Во писмото се објаснува состојбата по ослободувањето на овие краишта а се нагласува потребата од преземање мерки за организирање на свештенството и регулирање на верските односи. Посебно се осврнува на упатствата по кои треба да се раководат, па вели:

1.„Со упоставуењето на народноослободителната власт престануjат да важат сите закони и наредби от бившата окупаторска власт;

2. Се кинат сите верски врски со верските установи што се најдуваат надвор от територијата на ослободената македонска земја;

3.Сите свештеници на ослободената територија административно подпаѓаат под власта на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија;

4.Сите свештеници својата верска со населението ја извршујат по правилата на Источно-православната црква како и до сег што беше (венчавка, погребуење, крстење и други верски работи);

5. Матичните и други книги се водат на македонски јазик;

---

[121] Ibid,50.
[122] Ibid, 51.

6. Строго се забранува на сите свештеници да земајат високи такси за исполнуењето на верските обреди;

7. Сите спорој (брачни или други) што ќе се појават свештениците треба да ги достават на Околиското намесништво на ослободената територија, које ќе биде скоро избрано, или до Главниот штаб, пред да биде избрано намесништвото;

8. За сите работи, који ќе се појават во токот на работата, а истите не се изложени во писмово, веднаш да се извести Намесништвото за саветуење и разрешуење;

9. Се задолжуат сите свештеници во својата парохија да држат проповеди во који ќе му кажат на народот дека народноослободителната војска не праи никакви пречки на вероисповедуењето и дава полна собода на свештениците да си ја вршат верска работа како и до сега;

10. Досегашното споменуење на епископот Христофор се забрнуе, пошто истиот е надвор од ослободената територија, а ќе се споменујат само православни архиепископи и епископи-без име. Исто така, на ектенијата ќе се спомене народноослободителната војска т.е.„ешче молимсја о народно-ослободителном воинствоем“.[123]

Оваа писмо зафаќа чисто црковни, но и работи кои се однесуваат на световната власт. Работата на парохиските свештеници и црквите се прилагодувала на општата воена состојба. Биле отфрлени а со тоа и престанале да важат законите на бившата окупаторска  власт а единствено се признавале наредбите на ГШ на НОВ и ПОМ и од него конституираните органи и тела. Од посебно историско заначење било и воведувањето на македонскиот јазик во црковната администрација. Како и откажувањето на јурисдикцијата на верските институции надвор од слободната територија. Спред тоа и македонското свештенство декларира,  дека прекинува секаква јурисдикција на туѓинските

[123] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори , Скопје 1981,537-539.

Цркви, на Црквите „...надвор од ослободената македонска земја".[124] Тоа ќе биде важен чекор кон црковното осамостојување.

[124] Доне Илиевски, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје, 1987,56.

## 4.1. Иницијативниот одбор како највисоко тело на црковниот живот во Македонија

Како се приближувал крајот на фашистичката окупација на Македонија, толку повеќе се чувствувал интересот за конечно и правилно разрешување на македонското црковно прашање. Посебно по капитулацијата на Бугарија на 9 септември 1944 година , доморoдното македонско свештенство ќе преземе чекори за самоиницијативно организирање на црквата на слободната македонска територија.

Во недостиг на висок црковен клер, кој како туѓунски ја напуштил земјата, македонското свештенство, посебно свештениците од Скопје, формирале иницијативна група за црковно-административно организирање на Православната црква во Македонија за да ги пресретнат подготвени деновите на конечното ослободување. Иницијативната група ја сочинувале свештениците Кирил Стојановски, Никола Апостолски, и Методи Гогов. Во октомври 1944 година, на ослободената територија во велешкото село Врановци, каде што бил сместен ГШ на НОВ и ПОМ, се пристапило кон формирање на Иницијативен одбор за организирање на црковниот живот во Македонија, составен од свештениците: Методи Гогов, Вељо Манчевски, Панде Поповски, поп Шаќо и Спиро Дамевски.[125]

Иницијативниот одбор во периодот кој следува презема активности за основање на духовни одбори во ослободените градови во Македонија, составени од три члена од редовите на околиското свештенство, за привремено да раководат со црковниот живот. Први такви духовни одбори биле формирани во Битола и Прилеп.

На 13 ноември 1944 година бил ослободен градот Скопје а членовите на Иницијативниот одбор, свештениците Кирил Стојанов и Никола Апостолски ја отвориле истиот ден Скопската митрополија и свикале состанок со скопските

[125] Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква,Македонска книга,Скопје, 1989.1027.

свештеници. На тој состанок се дискутирало за мерките кој требало да ги преземат за нормализирање на црковниот живот со новонастанатата состојба.[126]

Многу бргу ќе им се приклучат и свештениците Методи Гогов и Вељо Манчевски со што Иницијативниот одбор ќе биде во полн состав. Една од првите мерки преземени од Иницијативниот одбор било испраќање на писма до сите намесништва во Македонија во кое се упатуваат да организираат духовни одбори, што би краководеле со работите на црквата. Исто така ќе бидат преземени активности за ибор на делегати за I црковно-народен собор, на кој требало да се утврди основата на идната положба на црквата во Македонија. [127]

По повод Божиќните празници на 3 јануари свештениците Методи Гогов, Никола Апостолски и Кирил Стојанов испратиле писмо до Светиот архирејски синод на Српската православна црква во кое ги информирале архиереите за состојбите во Македонија на црковен план. Тие нагласиле дека се претставници на Православната црква во Македонија и додале дека остануваат верни на канонитe на Православната црква. На писмото веднаш одговорил митрополитот Јосиф, при што ги повикал свештениците уште еднаш да размислат за своите ставови, прашањето да го разгледаат од црковно-правен аспект, а не да се водат од моменталното и минливо расположение. Светиот архирејски синод на Српската православна црква на 22 јануари побарал од Иницијативниот одбор за организирање на Православната црква во Македонија, нарекувајќи го „самонаречен“, сите свои молби да ги испраќа исклучиво преку митрополитот Јосиф, како свој надлежен владика.[128]

Така членовите на Иницијативнит одбор по ослободувањето започнуваат забрзано да работат на воспоставување собор на кој би биле официјализирани барањата за организирање на самостојна Македонска православана црква, односно обновување на древната Охридска архиепископија.

[126] Ibid, 1027.
[127] Ibid, 1028.
[128] Борче Илиевски, Македонско-српските црковни односи 1944-1970, Филозофски факултет Скопје 2011, 42.

Сепак Иницијативниот одбор за организирање на црковниот живот во Македонија, ќе биде еднинствената организирана институција која имала за цел да воспостави организиран и функционален црковен живот на територијата на Македонија.

Во неговиот сотав  влегувале Пленумот и Извршното тело создадено од повеќе свештени и световни лица. Неколку пати ќе биде променет составот на Иницијативниот одбор, како причина биле надворешните фактори кои влијаеле врз неговата работа. Посебно треба да се нагласи соработката која постоела меѓу Иницијативниот одбор и власта, освен одредени исклучоци кои биле изолирани случаеви.[129]

Наоѓајќи се пред исклучителни тешкотии на патот на решавањето на македонското црковно прашање, поради игнорирањето на Резолуцијата донесена на Првиот црковно-народен собор од страна на СПЦ. Иницијативниот одбор свикал пленарна седница која се одржува на 20 април 1945 година и ги донел повеќе заклучоци меѓу кои:

1. Да се испрати писмо до ПТТ со кое се замолува поштата пратките кои биле испраќани до „ српските цркви “во Македонија да бидат враќани назад бидејќи такви цркви во Македонија немало.

2. Околиските духовни одбори да извршат ревизија на манстирите и црквите.

3. Манстирските управи да ги сочинуваат: Игумен како претседател и неколку чесни достојни христијани избрани од народот.

4. Духовните одбори да ги примат бракоразводните жалби, а сопружниците да ги испраќаат на смирување кај парохискиот свештеник.

На пленарната седница свикана на 19 јуни 1945 година  е концепиран предлог со кого се одредени епархиите во Македонија за формирање на духовни

---

[129] Д.А.Р.М ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.1, Проблеми во Православната црква во НРМ , 02.04.1953.

судови. Било предложено формирање духовни судови во епархиите во- Скопје, Битола, Охрид и Штип.[130]

Во периодот  од одржувањето на Првиот црковно-народен собор во март 1945 па се до одржувањето на новото Свештеничко собрание 1946 година. Иницијативниот одбор за организирање на Македонска православна црква инспирира расправи по бројни прашања и проблеми важни за македонското црковно прашање, за положбата на свештенствввото и за верниците. А веќе на Третото заседание на пленумот на Иницијативниот одбор да биде публикуван „Црковен глас“ како негов службен орган.[131]

Македонското свештенство било свесно за тешката состојба во која се нашла Црквата, по одбивањето на Српската православна црква да се реши македонското црковно прашање преку обнова на Охридската архиепископија. Создавањето на Македонска православна црква, без надлежни македонски архиереи било невозможно, па затоа македонското свештенство барало начин да го реши настанатиот проблем.[132]

Враќањето на патријархот Гаврило Дожиќ од германско заробеништво на 14 ноември 1946 година и неговото повторно доаѓање на чело на СПЦ, ги подгреало надежите кај Иницијативниот одбор дека тој ќе покаже повеќе разбирање за македонското црковно прашање.

Па така делегација од Македонија заминала во Белград со конкретни барања. Оваа делегација ја сочинувале свештениците:  Нестор Поповски, Кирил Стојанов, Илија Мукаетов, Борис Станковски, народниот пратеник Лазар Тонев и вероучителот Борис Бошковски. Средбата се одржала во седиштето на Патријаршијата во Белград, а на неа присуствувале: патријархот Гаврило, митрополитот Јосиф и свештеникот Милан Смиљаниќ. На средбата станало збор

[130] Д-р Миодраг Периќ, Историско-правните аспекти на односите помеѓу Српската православна црква и Македонската православна црква, Мисла, 1998, 208.

[131] Ibid,210.

[132] Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква,Македонска книга,Скопје, 1989.1046.

за создавање на Македонска православна црква во рамките на една Југословенска патријаршија.[133]

Меѓутоа, овој предлог од патријархот и од митрополитот Јосиф категорично бил одбиен, бидејќи стоеле на ставот дека во Македонија треба да се вратат српските владици и тоа, во Скопје митрополитот Јосиф, а епископот Викентиј во Штип. Поради тоа Иницијативниот одбор, по одбивањето на Српската православна црква да го прифати предлогот за Југословенска црква, бил принуден да отстапи од резолуцијата на Првиот црковно-народен собор и да прифати идната Македонска православна црква да остане во канонско единство со Српската православна црква, но со свои македонски архиереи и посебна Православна црква во Македонија, заснована врз самостојни управни принципи. Но и овој апел до Архиерејскиот собор на Српската православна црква останал без резултат, бидејќи тој продолжил да инсистира на враќање на црковниот поредок од времето на Кралството Југославија.[134]

[133] Борче Илиевски, Македонско-српските црковни односи 1944-1970, Филозофски факултет Скопје 2011, 62.
[134] Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква,Македонска книга,Скопје, 1989.1050.

## 4.2. Соработката помеѓу иницијативниот одбор и комисијата за верски прашања

Односите помеѓу државата и верските заедници и делувањето на верските заедници отсекогаш биле предмет на сестрано согледување и оценка од страна на државата. Уште во 1946 година е донесен Закон за забрана за предизвикување и разгорување на национална, расна и верска омраза и раздор, и кој што, покрај националната, обезбедува и верска рамноправност која во себе ја содржи и рамноправноста на верските заедници.

Во сите овие закони посебен нагласок се става врз слободата на совеста и вероисповедта како приватна работа на човекот; одвоеноста на верските заедници од државата и слободата во вршењето на верските работи и верските обреди; забраната за злоупотреба на верата во политички цели; можноста на верските заедници да стекнуваат и да имаат во сопственост недвижности; можноста на верските заедници да основаат верски училишта за подготовка на свештеници; рамноправност на граѓаните во правата и должностите без оглед на верската, националната и расната припадност итн. На сите верници им е гарантирано правото на слободно изразување на верските чувства, но не е дозволено било какво корис-тење на религијата за антидржавни цели.[135]

Претседателството на Министерскиот совет на ДФЈ ќе го донесе Указот за формирање на Државната комисија за верски прашања. Указот бил објавен во Службен весник на ДФЈ, бр. 62, од 21 август 1945 година. Потпишан: претседател на Министерскиот совет и министер за народна одбрана, Маршал на Југославија Јосип Броз - Тито, ср.

Во член 1 од Правилникот е наведено дека надлежности на Државната комисија се: "проучување на сите прашања поврзани со надворешниот живот на верските заедници, нивните меѓуверски односи и положбата на црквата кон државната и народната власт, како и подготовка на материјали за законодавно

[135] http://www.kovz.gov.mk

решавање на односите меѓу верските заедници и државата; дава мислења и предлози на сите конкретни прашања поврзани со односот меѓу верските заедници и државата, за конечно решавање на овие односи преку законска регулатива; спроведување и правилна примена на сите законски прописи, кои се однесуваат на уредувањето на меѓуверските односи и односот на црквата и државата". Предвидено било Комисијата да биде составена од претседател и шест други членови, кои ги именува и разрешува претседателот на Министерскиот совет. Покрај тоа, се предвидува дека Комисијата, исто така, го има потребниот стручен и помошен персонал, поставен од претседателот на Комисијата. (Член 3) Со оваа уредба се утврдува дека се формираат комисии за верски прашања кои ќе постапуваат по упатствата на Државната комисија. (Член 4) Државната комисија за верски прашања е директно одговорна за работата на самиот основач - Претседателството или претседателот на Министерскиот совет Јосип Броз Тито. Подоцна таа беше под надлежност на Сојузниот извршен совет (СИС).[136]

Тргнувајќи од становиштето за целосната слобода и правата на човекот дека религијата е приватна работа на секој граѓанин, уште во првиот Устав на Федеративна Народна Република Југославија, донесен на 31 јануари 1946 година, со членот 25 правно е дефиниран односот на државата и религијата во Југославија и е легализиран статусот на верските заедници и положбата на верниците.[137]

Сепак независно од идејните стојалишта како и одделните постапки на поединци, македонското свештенство и црковната јавност најлојално се однесувало кон сите работи кои ги преземала новата народна власт. Можеби, во тоа имало и една доза на страв од евентуални реперкусии. Меѓутоа во целина и власта со внимание и респект се однесувала кон Црквата. Оттаму, во сите зафати за организирање на црковниот живот, пред се во заложбите за создавање Македонска Црква, Иницијативниот одбор настојувал своите постапки, краткорочните и долгорочните цели да ги усогласи со политичките и други ставови и гледања на

[136] Радмила Радић, Држава и верске заједнице 1945-1970, I, 177

[137] Д-р Миодраг Периќ, Историско-правните аспекти на односите помеѓу Српската православна црква и Македонската православна црква, Мисла, 1998, 213.

народната влсат. Проблемите кои ќе се појавата меѓу МПЦ и СПЦ барале активно учество и вклучување на Владата на НРМ.[138]

За првпат како служба која е основана за верски работи, Комисијата се јавува во периодот од 1944 до 1945 година како Верско поверенство. Потоа, од 1945 до 1951 година овој орган се наоѓа во состав на тогашниот Секретаријат за внатрешни работи. [139]

Во составот на републичките влади биле формирани републички комисии за верски прашања кои требало да работат според упатсвата на државната комисија. Верската комисија во Македонија била формирана 1945 година и работела под претседателство на Епаминонда Поп Андонов. Со формирањето на републичките комисиите за верски прашања подетално биле следени случувањата во верските заедници на републичко ниво, а со текот на времето правната положба на верските заедници станала надлежност на републичките органи, кои ги одредувале правните односи помеѓу, како што тогаш се нарекувале „општествено-политичките заедници" и верски заедници. [140]

На партискиот пленум во месец мај 1946 година било одлучено преку Иницијативниот одбор да се издејствува да биде донесен правилник за избор на црковни управи (настојателства). Се препорачувало партиските организации постојано да бидат во контакт со работата на црковните управи , а доколку е можно и со свои луѓе да учествуваат во нивната работа. Во врска со ова прашање Крсте Црвенковски при реферирањето на мајскиот состанок на ЦК КПМ за политичките состојби во Битолскиот округ соопштува „ Во Прилеп и Прилепско има многу луѓе

[138] Доне Илиевски, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје, 1987,205.

[139] Комисијата потоа се трансформира во самостоен орган кој во различни периоди иако има идентична улога, различно се именува. Така , од 1951-62 година постои како Комисија за верски прашања, од 1963-76 година како Републичка комисија за верски прашања, од 1977-2000 година како Републичка комисија за односи со верските заедници, а од 2000 година, како Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи.

[140] Борче Илиевски, Македонско-српските црковни односи 1944-1970, Филозофски факултет Скопје 2011, 37.

кои беа пријатели на Ченто и велеа да одиме кај Ченто во Скопје за да го решиме прашањето за автокефална црква "[141]

Сепак по изборот на Владата на Македонија на 16 април 1945 година на чело со Лазар Колишевски, власта целосно паднала во рацете на партиските кадри кои ја следеле политиката на централата во Белград. Резолуцијата која била донесена на Првиот црковно-народен одбор за власта била неприфатлива. Па така и изјавите кои се однесувале на автокефалијата на Македонската црква биле оквалификувани како национален сепаратизам. Според нив, во автономното решавање на македонското црковно прашање го гледале компромисот со Српската патријаршија[142]

На свештеничкото собрание од 8-9 мај 1946 година Претседателот на Комисијата за верски прашања Епаминонда поп Андонов во својот говор ј посебно ќе истакне дека: „ Автокефалноста значи одвоеност, прекинување на секава врска со Српската Патријаршија, затворање во круг- во сама себеси, што значи НАРУШУВАЊЕ НА БРАТСТВОТО И ЕДИНСТВОТО на југословенските народи". Според него единството го гледал единствено преку создавање на автономна Цркава. [143]

Како одминувало времето Централниот комитет се почесто го разгледувал статусот на Православната црква во Македонија. На 28 мај 1946 година од страна на ЦК на КПМ било решено Никола Минчев да раководи со прашањето за црквата во рамките на Партијата. Во една анализа од почетокот на 1946 година се вели дека македонското црковно прашање не е само прашање на односот црква-држава, туку се однесува на односите меѓу црквите во Македонија и Србија и кон другите републики. Откако прашањето било проучено се заклучува дека како основа за разрешување на проблемот треба да се прифати принципот „за автономна

[141] Ibid,61.
[142] Ibid,50.
[143] Доне Илиевски, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје, 1987,143.

Православна црква во Македонија“ која би била составен дел од една општа Православна црква на ФНРЈ.[144]

[144] Ibid,62.

## 4.3. Свештеничкиот собир во Издеглавје 1943 година

Од голема важност и значење за црковниот живот на македонскиот народ и за идната самостојна македонска православна црква има Првото свештеничко собрание, одржано на слободната територија на 21 октомври 1943 година во селото Издеглавје – Дебарца, во куќата на Јонче Трифунов Николовски.[145]

Собранието било свикано по иницијатива на Верското поверенство, во согласност на командантот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски, а го свикал свештеникот Вељо Манчевски. На собранието присуствувале 11 свештеници и 25 претставници на народно-ослободителните одбори. [146]

По краткиот вовед на претседавачот Вељо Манчевски на Собирот бил предложен следниот дневен ред:

1. Организирање административна црковна власт на слободната територија;
2. Разработка и договор за спроведување на циркуларното писмо;
3. Донесување одлуки од значење за улогата на Црквата и свештениците во НОБ и др.[147]

Во врска со организирањето на црковно-административната власт на слободната територија, Соборот одлучил формирање на архиерејско намесништво на таа територија. За архиерејски намесник бил избран свештеникот Антим Попоски од село Слатина. Во однос на црковно-административното прашање, архиерејското намесништво било поделено на 9 парохии, а притоа конкретно биле назначени парохиски свештеници, и тоа:

1. Прва Слатинска парохија со свештеник Антим Попоски;

[145] Д-р Миодраг Периќ, Историско-правните аспекти на односите помеѓу Српската православна црква и Македонската православна црква, Мисла, 1998, 186.

[146] Ј.Белчовски, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1985, 139.
[147] Доне Илиевски, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје, 1987,62.

2. Втора Слатинска парохија со свештеник Томо Поповски;

3. Локовска со свештеник Кирил Стојановски;

4. Годивјанска со свештеник Зафир Јовановски;

5. Рбиновска со свештеник Ристо М. Тасевски;

6. Велмејска со свештеник Ламбе Поповски;

7. Белчишка со свештеник Ристо Тасевски;

8. Злеска со свештеник Матеја Н.;

9. Врбјанска со свештеник Силјан Ристовски;[148]

На Соборот бил направен и таксеник врз основа на циркуларното писмо од Верското повереенство. Биле определени повеќе симболични цени, за да можат да се покриваат елементарните потреби на црквите и свештениците. Исто така, биле донесени одлуки заклучоци со кои се настојувало организацијата на црковниот живот на слободната територија да се подреди на НОВ и ПОМ. Во таа смисла било заклучено македонските свештеници да го помагаат ослободителното движење, да организира материјална помош во облека и храна. Исто така бил изготвен и список за потенцијални учители за изведување на настава на макдонски јазик. [149]

Колку големо значење се придавало на тој собор се гледа и од писмото на командатот на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски што го упатил до верскиот референт Вељо Манчевски. На ова одговорил намесникот Антим Попоски во кое се вели: „Ние свештениците ќе бидеме постојана поткрепа на народно-ослободителното движење“.[150]

Овој собор на македонското свештенство претставува прво колективно донесување на историски одлуки за отфрлање на јурисдикцијата на соседните

---

[148] Ibid, 64-65.
[149] Д-р Миодраг Периќ, Историско-правните аспекти на односите помеѓу Српската православна црква и Македонската православна црква, Мисла, 1998, 188.
[150] Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1972, 117.

национални цркви на територијата на Македонија и прв обид за возобновување на Охридската архиепископија во лицето на Македонката православна црква. [151]

[151] Борче Илиевски, Македонско-српските црковни односи 1944-1970, Филозофски факултет Скопје 2011, 23.

### 4.4. Првиот Црковно-народен собор одржан на 4 и 5 март 1945 год.

Иницијативниот одбор за организирање на црковниот живот во Македонија ќе преземе низа мерки се со цел успешно завршување на подготовките за свикување на Првиот црковно-народен собор.

Меѓу нив било и испраќањето на писма до сите наместништва во Македонија, во кои се повикуваат да организираат духовни одбори, кој што ќе се занимавале со работата на Црквата. Исто така се преземале подготвителни мерки за избор на делегати за Првиот црковно-народен собор. Голема била желбата за што поуспешно организирање на соборот од една страна, но од друга биле нескриените обиди на СПЦ на територијата на ослободена Македонија да го врати апаратот на предвоените епархии. Имено, бившиот Митрополит Скопски Јосиф барал по секоја цена да се врати во Македонија. Неговото враќање би значело враќање на великосрпската хегемонија во Црквата во Федерална Македонија. А такво нешто ниту можело ниту смеело да се дозволи.[152]

Изборот на делегати за Првиот црковно-народен собор бил спроведен успешо и на време. На конференциите за ибор на делегати присуствувале и претставници на Иницијативниот одбор. Како времето се приближувало одговорноста на членовите на Иницијатвниот одбор била се поголема но и историска, зошто никој не сакал ниту пак замислувал да направи некакви почетнички грешки кои подоцна ќе предизвикаат непожелни последици.

Подготовките на деловникот за работа на Соборот биле релативно успешно совладани. Се било концентрирано на заложбата Соборот непречено да може да ја одвива работата. Најмногу грижа во соборските подготовки задавало изготвувањето на документите што требало да бидат предложени за донесување на Соборот. Се консултирала стручна литература(црковно право, одлуките на

[152] Доне Илиевски, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје, 1987, 117.

вселенските и помесните собори) и историјата на другите православни цркви. Се до одржувањето на Соборот, се пишувало и бришело.[153]

Првиот македонски црковно-народен собор бил одржан во свечената сала на Офицерскиот дом во Скопје на 4 март 1945 година, во присуство на над 300 делегати, свештеници и мирјани.

Пред одржувањето на Соборот во црквата „Св. Вм. Димитриј " во Скопје бил одржан молебен по што соборјаните- свештеници и мирјани- пешки, како на литија, со кренати знамиња и пеење на духовни песни, преку Камениот мост се упатиле кон Официрскиот дом.[154]

Во името на Иницијативниот одбор, Соборот го отворил протоерејот Кирил Стојанов, парохиски свештеник во црквата „Св Константин и Елена". Раководна улога на Собирот имале видни македонски свештеници, општественици и интелектуалци како што биле: Методи Гогов[155] , Никола Апостолски, Петар Хр. Илиевски, Ѓорѓи Милошев[156], Борис Бошковски и многу други кои, со создавањето на Македонската православна црква ќе станат нејзини архиереи или ќе застанат на значајни црковни места. На соборот биле присутни и претседателот на президиумот на АСНОМ - Методиј Андонов Ченто, кој имал и обраќање на соборот, претставникот од армијата полковник Панче Неделковски, помошник повереникот за просвета Љубен Лапе и претседателот на Градскиот совет НОО - Лазар Тонев. [157]

Свештеникот Кирил Стојанов во своето обраќање ќе ја истакне задачата на Соборот, за кој рекол дека има историски карактер „... да реши едно историско

---

[153] Ibid,118,119.
[154] Ibid,120.
[155] Методи Гогов(1912-1919) роден во Штип каде завршил основно образование. По завршувањето на Битолската богословија се запишал на Богословскиот факултет во Белград. За време на Втората светска војна бил свештеник во Штип, а подоцна и во Скопје. За митрополит бил хиротонисан 25 декември 1988 година. На 4 декември 1993 година е избран за поглавар на Македонската православна црква. Почина во Скопје 1999 година. (Михаил архиепископ охридски и македонски, Скопје, 1994.)
[156] Ѓорѓи Милошев(1912-1996) во монаштво Гаврил. Роден е во Скопје каде го оформил своето образование. Во 1936 година дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје. Во 1942 година би ракоположен за свештеник. Во 1978 година бил избран за Повардарски митрополит, а во октомври 1986 бил избран за поглавар на Македонската православна црква.(Гиревски Александар, Негово блаженство архиепископ Гаврил трет по ред на Охридската архиепископија, Скопје,1994)
[157] Борче Илиевски, Македонско-српските црковни односи 1944-1970, Филозофски факултет Скопје 2011, 42.

црковно-народно прашање, кое македонскиот народ преку Духовните одбори горешто го подигнал, прашањето за обновување на Македонската Охридска архиепископија, која од непријателот беше укината и остана во ропство со столетија. Обновената Св. Климентова Охридска архиепископија, по патот на каноните, законите и традицијата на Христијанската Православна Црква, да биде оформена во Автокефална Православна Македонска Црква...“

Кон соборјаните ќе се обрати и претседателот на Президиумот на АСНОМ- Методи Андонов Ченто, во својот говор истакнал:

„ Македонскиот народ има полно историско право да си има своја автокефалност и своја Црква. Посебно го подвлекол фактот, оти македонскиот народ денес е слободен и како таков сам може да си ги решава своите проблеми. Македонскиот народ страдаше. Со него страдаа и гинеа свештеници“.[158]

Работниот дел на Соборот го отворил свештеникот Методи Гогов. Во работното претседателство влегле за претседател свеш. Иван Гелев- поп Шаќо, а за секретари свештеникот Кирил Стојанов и д-р Борис Благоев, адвокат од Скопје. По поздравниот говор на претседавачот, реферат за канонското и историското право македонскиот народ да има Автокефална Православна Црква бил поднесен од професорот Лефко Арсов од Скопје. Извештај за дотогашната работа на Иницијативниот одбор за организирање на Македонска Црква поднел членот- Никола Апостолски, свештеник од Скопје.

Во дискусијата по рефератот и поднесениот извештај учествувале повеќе делегати, и истите целосно ги подржале. Потоа бил избран одбор кој, по подолга пауза, предложил а Соборот ја прифатил резолуцијта за идната црковна положба во Народна Република Македонија. Соборот завршил со пеење на „Тебе Бога хвалим “ која била проследена со солзи радосници во очите на сите Соборјани за историскиот чин „добивање на слободна,народна Македонска православна црква“ биле последните зборови забележани во соборскиот записник.[159]

[158] Доне Илиевски, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје, 1987, 121.
[159] Ibid, 122.

## 4.5. Резолуцијата од првиот Црковно-народен собир

На Првиот црковно-народен собор, кој бил одржан на 4 и 5 март 1945 година едногласно била донесена Резолуција за идната црковна положба во Народна Република Македонија:

1. Македонскиот православен народ, преку своите избрани делегати од сите духовни околии во Македонија, решава да се возобнови Охридската архиепископија како Македонска самостојна црква и да не биде потчинета ни на која друга помесна национална православна црква;

2. Решава да има свој народен епископат и свое народно свештенство кое ќе биде гаранција дека нашиот народ ќе си ги запази карактерните особености и ќе биде поблизок до својата родна Црква;

3. Решава на возобновената Охридска архиепископија, првиот македонски епископ да носи титула Архиепископ Охридски, а нашата православна црква да се вика „Свети Климентова Охридска Архиепископија“;

4. Решава, избраната делегација да ги посети сите сестрински цркви, или писмено да ги извести и да биде толкувател пред нив на соборското решение и сенародната желба на православните Македонци и да издејствува признание од сите православни цркви, решението да ни добие канонска потврда, и да биде во најскоро време во дело по патот на црковните канони и во духот на утврдената црковна традиција;

5. По свршувањето на таа работа, предлагаме делегацијата да покани гости епископи од други православни цркви, а ние да бидеме свикани на второто заседание за избор на кандидати за наши народни владици, кои ќе бидат хиротонисани од гостите епископи;

6. Првиот меѓу нашите епископи сакаме да биде на торжествен начин устоличен во градот Охрид, на престолот на Охридската архиепископија;

7. Кога ќе се создаде Југословенска православна црква - Патријаршија и нашата Македонска православна црква ќе влезе во нејзиниот состав како другите православни цркви во Федеративна Југославија“[160]

Во резолуцијата за идниот црковен статус на Македонија, покрај аспектите кои ја допираат духовната слобода на македонскиот народ, содржани во точките 1, 2 и 3, вниманието го привлекуваат точките 5 и 7. Со точката 5 се манифестирала волјата на македонските верници и свештенство за соработка и блиски односи меѓу Македонската православна црква со другите православни цркви. Во седмата точка во согласност со формата на државното уредување на Федеративна Југославија се предвидувала можноста за создавање Југословенска православна црква- патријаршија и се манифестирала согласност, доколку таа се создаде да влезе во нејзиниот состав и Македонската православна црква.[161]

Вакавата соборска определба и интересна поради неколку причини:

Во историјата на Христијанската црква не е забележан случај на постоење помесна православна црква организирана врз федерални основи. Такво федерално орагнизирање не предвидувале ниту црковните канони ( 17 правило на VI-от Вселенски собор, повторено на V и VI-от Собор во 38 правило). Прифаќањето на федералното организирање на црквата само по себе означувало самооткажување од автокефалниот статус, а новонастанатата состојба ќе доведе до воспоставување на некаква автономија.[162]

Зошто е внесен членот 7 во резолуцијата не може да се објасни поради недостаток на документи, само се можни претпоставки и размислувања. Се претпоставува дека и овде се има вмешано политиката и таа побарала да се оди на федеративно решение, без притоа доволно да се познава материјата- црковните норми и темели на кои почиваат христијанските автокефални цркви.

---

[160] Ibid, 123.

[161] д-р Миодраг Периќ, Историско-правните аспекти на односите помеѓу Српската православна црква и Македонската православна црква, Мисла, 1998, 203.

[162] Доне Илиевски, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје, 1987, 125.

По донесувањето на Резолуцијата се поставувало логичното прашање: Како ќе реагира и како ќе се произнесе Српската Патријаршија?

И покрај сето кажано вака донесената Резолуција, претставувала појдовна основа врз која ќе се темелат сите понатамошни настапи што ги презема Иницијативниот одбор се до свикувањето на Вториот Црковно-народен собор кој се одржал во октомври 1958 година.

По одржувањето на Првиот црковно-народен собор и донесените одлуки, Иницијативниот одбор за организирање на Православната црква во Македонија од 9 март 1945 год. го запознал Светиот архиерејски синод на Српската православна црква за соборските решенија. [163]

По овој повод на 12 март 1945 год. била свикана седница на Светиот архиерејски синод на Српската православна црква, на која било побарано од митрополитот Јосиф да замине во Скопје и да ја проучи новонастанатата ситуација и да поднесе исцрпен извештај. Светиот архиерејски синод на Српската православна црква дошол до констатација дека епархиите од Македонија: Скопската, Злетовско-струмичката и Охридско-битолската, епархија, по редовен и канонски пат се присоединети кон Српската православна црква, за што сведочи и „Томосот на Вселенската патријаршија“. Затоа, Светиот синод не може да признае никаква самостојна Црква во федерална Македонија и ја осудува секоја работа на самонаречениот Иницијативен одбор, кој неканонски ја приграбил црковната управа во тамошните епархии. [164]

Од средината на 1945 година, под притисок на властите, слабее движењето за автокефалност. Барањето за автокефалност сè почесто се заменува со автономност во канонска врска со Српската православна црква.

---

[163] Борче Илиевски, Македонско-српските црковни односи 1944-1970, Филозофски факултет Скопје 2011, 46.
[164] Доне Илиевски, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје, 1987, 133.

### 4.6. Свештеничкото собрание од мај 1946 година

Многу бргу по одржувањето на Првиот црковно-народен собор дел од членови на Иницијативниот одбор биле прогласени како непријатели на државата. Една структура од македонскиот политички врв ќе потклекне пред притисоците кој доаѓале од страна на СПЦ. Па и самата власт жестоко ќе се пресмета со дел од челните луѓе на движењето за возобновување на Охридската архиепископија. Поради тоа што се застапувале за целосно одделување од јурисдикцијата на СПЦ.

Во еден период барањето за автокефалност било оквалификувано како шовинистички акт, а водачите на Иницијативниот одбор назначени како „бугарофили и ванчовисти.“ Во друга анализа, пак, поддржувачите на барањата за автокефалност се оквалификувани како „Македонци сепаратисти и шовинисти на чело со поп Гогов“. [165]

Така веќе во месец април 1945 година ќе бидат донесени две судски пресуди. Методи Гогов [166] - одуден на пет години затвор и Никола Апостоловски на три години затвор.

По изборот на Владата на Македонија на 16 април 1945 година на чело со Лазар Колишевски, власта целосно паднала во рацете на партиските кадри кои ја следеле политиката на централата во Белград. Резолуцијата која била донесена на Првиот црковно-народен одбор за власта била неприфатлива. Па така и изјавите кои се однесувале на автокефалијата на Македонската црква биле оквалификувани како национален сепаратизам. Според нив, во автономното решавање на

---

[165] Борче Илиевски, Македонско-српските црковни односи 1944-1970, Филозофски факултет Скопје 2011, 49.

[166] На состанокот на Президиумот на АСНОМ од 11 април 1945 година била донесена одлука за нивно лишување од слобода. Така под точка 3 од Записникот бр. 9 со иста дата е забележано: „ Одобрава се поступакот на ОЗНА за затварање на Методи Гогов, свеш. и член на АСНОМ, бидејќи да е он виновен за дејствија против интересите на македонскиот народ“. Президиумот на АСНОМ-Записници, ИНИ – Скопје, 1994 , 91,92.

македонското црковно прашање го гледале компромисот со Српската патријаршија.[167]

Состојбата се повеќе се комплицирала посебно со т.н. „Битолски случај“- со појавата на некаква резолуција потпишана од група свештеници од Битола во која се барало отстапување од Соборската Резолуција и признавање ан јурисдикцијата на СПЦ. Иницијативниот одбор во врска со овој случај жестоко реагирал и го оквалификувал како провокативен и предавнички документ. Подоцна се потврдиле претпоставките дека зад овој документ стои Српската патријаршија посебно бившиот Митрополит Скопски Јосиф. Откриена е курирската врска преку која биле пренесувани пораките и извештаите од Белград и Македонија (преку вработени свештеници од српска народност, пред се свештеникот Марко Димитриевиќ). По барање на повеќе членови на Иницијативниот одбор и од дел на околиските духовни одбори, а со цел да се расчистат состојбите, Иницијативниот одбор се определил за свикување на Свештеничко собрание.[168]

Свештеничкото собрание е одржано на 9 и 10 мај 1946 година во скопската коно-сала „Југославија“, во присуство на 128 свештеници од цела Македонија. Собранието го отворил свештеникот Кирил Стојанов, дотогашен член на Иницијативниот одбор. Како гости присуствувале: Павел Шатев, потпретседател на Собранието на Федерална Македонија и Епаминонда поп Андонов, претставник на Владата на федерална Македонија и Претседател на Комисијата за верски прашања. Собранието потоа го утврдило следниот дневен ред:

1. Донесување деловник за работа на Собранието;
2. Осврт кон работата на Иницијативниот одбор;
3. Донесување на решенија кои ќе се изнесат како сугестија за организирање на МПЦ, односно Југословенска црква;

[167] Борче Илиевски, Македонско-српските црковни односи 1944-1970, Филозофски факултет Скопје 2011, 50.
[168] Доне Илиевски, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје, 1987, 140.

4.Реорганизација на црквено-судската работа во врска со граѓанскиот брак кој е задолжителен;

5. Реорганизација на врховното тело на црквата-Иницијативниот одбор;

6.За правата и обврските на Иницијативниот одбор и

7. Разно.[169]

Извештајот за работата на Иницијативниот одбор го поднел свештеникот Кирил Стојанов, а реферат за просветата, административно-финансиската работа на Иницијативниот одбор поднел свештеникот Никола Апостолски.

За работата на Иницијативниот одбор ќе биде водена обемна дискусија. Неа ја одликувале настапи со кои позитивно се оценувала работата, но и дискусиии со прилична критичност. Кај поголем дел од дискутантите била присутна забележалешката дека Иницијативниот одбор не сторил доволно во спроведување на задачите од Црковниот собор од март 1945 год. во смисла на организирање на МПЦ. Во прилог на работата на Иницијативниот одбор дискутирале свештениците: Иван Гелев –Шаќо, Нестор Поповски, Ѓорѓи Анѓелковски, прота Атанас Попов, свештеникот Ѓорѓи Пандиловки и други додека свештениците Борис Станковски и Јордан Атанасовски упатиле критики кон работата на Иницијативниот одбор.[170]

По усвојувањето на извештајот, свештеникот Стоил Давидов пред Собранието понел реферат „За правото на македонскиот народ на своја автокефална Црква“ истакнувајќи ги канонските основни права на автокефална Црква. Веднаш по него се јавил за дискусија Претседателот на Комисијата за верски прашања Епаминонда Поп Андонов, кој го истканал ставот на Владата, а Резолуцијат на Црковниот собор ја оквалификувал како „ грешка “, а зборувал и за смислата на автокефалноста. После исцрпната дискусија било одлучено да се

---

[169] д-р Миодраг Periќ, Историско-правните аспекти на односите помеѓу Српската православна црква и Македонската православна црква, Мисла, 1998, 218.

[170] Доне Илиевски, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје, 1987, 141.

формира комисија (работно тело) која ќе изготви предлог резолуција која требало да биде еден вид компромис мегу Резолуцијата од 1945 година и барањата на СПЦ. Членови на таа комисија биле: Цветко Крстевски од Прилеп, Славчо Петров од Крива Паланка, Ѓорѓи Анѓеловски од Скопје, Методи Гогов од Скопје, Богатин Атанасов од Битола, Илија Тодоровски од Битола, Борис Станковски од Куманово.[171]

На завршниот дел на оваа Собрание комисијата ја предложила следната:

РЕЗОЛУЦИЈА

1. Бараме да имаме народни архијереи, народно свештенство и самоуправност на сите внатрешни црковно-народни прашања;

2. Народните архијереи да бидат избрани од народот и свештенството;

3. Да се испрати апел до Светиот синод на СПЦ, до српското православно свештенство и народот, како и до православните свештеници и православните верници и другите југословенски народи, и до црковно-народниот собор на Македонија, да ја поткрепат идеата и акцијата за поскоро организирање на православни цркви во Југославија во која да влезат сите православни цркви на рамноправни начела;

4. Православните цркви на народните републики да имаат право на самоуправност во внатрешните црковни прашања, да се раководат од свои народни архијереи кои ќе бидат членови на Архијерејскиот собор на православната црква во Југославија со еднакви права и задолженија при решавање на прашања од интерес на заедничкиот црковен живот;

5. Секоја Народна црква, без оглед на бројот на верниците да има и по еден свој претставник во постојаното управно тело, односно во Светиот синод на православните цркви во Југославија;

[171] Ibid, 142-143.

6. Проект Уставот на Православна црква во Југославија да биде изработен од комисија составена од еднаков ист број претставници од сите Православни цркви во Југославија, истиот да се разгледа и прими на еден заеднички Црковно-народен собор;

7. Да организира југословенски православни цркви и хиротонија на македонски архијереи, црковниот живот во Македонија да се раководи од избраните од нас црковно-управно тело, и

8. Ставање во должност на тоа Црковно-управно тело да го направи потребното оваа резолуција да биде спроведена во дело“[172]

По усвојувањето на резолуцијата свештеничкото собрание се пристапило кон избор на нови членови и реорганизирање на Иницијативниот одбор. На тајното гласање најмногу гласови добива протоерејот Нестор Поповски кој е избран за претседател на Иницијативниот одбор. Дискусијата ќе продолжи за прашања кој биле од црковна проблематика а по упатувањето на поздравните телеграми до претседателот Јосип Броз Тито, Св. Синод на СПЦ и до Свештеничкото здружение на Црна Гора, собранието ја завршува својата работа на 10 мај 1946 год.[173]

Во својата основа донесената резолуција се разликувала во однос на Соборската резолуција од 1945 година со која се предвидувало создавање на автокефална црква. Новата резолуција предвидувала црквата да има самоуправни права за внатрешните прашања, што би значело сомнување еден степен подолу, односно во црковната терминологија овој статус е познат како автономен. Карактеристично е дека од повеќето учесници на свештеничкото собрание идејата за создавање на Православна црква на Југославија во помалаили поголема мера била прифатлива, најверојатно, како замена за автокефалноста која во тој момент неамла поддршка ниту кај политичките структури на републичко, а уште помалку на сојузно ниво.[174]

[172] Ibid, 143-144.
[173] Ibid,147-148.
[174] Борче Илиевски, Македонско-српските црковни односи 1944-1970, Филозофски факултет Скопје 2011, 59.

Со направените отстапки од оваа Резолуција, а во однос на Српската православна црква се сметало дека истава ќе биде прифатена од страна на Српската православна црква. Но, се случило исто како и со претходната резолуција од Првиот македонски црковно-народен собор. Оваа Резолуција е одбиена од страна на Синодот на Српската православна црква со заклучок од 10/23 ноември 1946 под АС бр. 18/заг. 12, со што е повторена одлуката од 22 септември 1945 година.[175]

[175] Доне Илиевски, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје, 1987, 154-155.

# Заклучок

„Ако не постоеше Илинден 1903 г. не ќе постоеше АСНОМ 1944 г.“ АСНОМ не беше случајност, тој беше континуитет во историјата на македонскиот народ, но и желба на македонскиот народ за своја сопствена држава.

АСНОМ и македонската народноослободителна борба се континуитет на многу историски настани што се случиле во македонската историја. Тоа се историски факти од кој ќе произлезат основните идеи и определби на АСНОМ во колективната меморија на македонскиот народ.

Во составот на НОБ имало селани, учители, свештеници, занаетчии, трговци, дуќанции, интелектуалци. Но имало и многу илинденци или нивни потомци, манаповци и вмровци. Тоа ја покажува таа линија на македонската кауза од Илинден и ТМОРО до ВМРО Автономистичка и ВМРО Обединета. Тој континуитет на Илинден и АСНОМ ќе го обележат значајни личности како што биле: Методија Шаторов – Шарло, Димитар Влахов, Павел Шатев, Панко Брашнаров и др.

Исто како и во 1903, така и во 1944 година, македонскиот народ самостојно, ќе ја поведе вооружената борба против окупаторот, и ќе застане на страната на меѓународната коалиција на земјите што се бореа против фашизмот.

На Првото заседание на АСНОМ, ќе биде конституирана и прогласена современата македонската држава во рамките на ДФ Југославија. А донесените државно-конститутивни акти само ќе го потврдат тоа. Тие акти се: Решението за конституирање на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија во врховно, законодавно и извршно тело на Македонија, прогласувањето на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава, како и решението за донесување Декларација за основните права на граѓаните во демократска Македонија.

Важни моменти од историјата на македонскиот народ кој ќе се случат пред одржувањето на АСНОМ во текот на 1943 година како што се: создавањето на

Комунистичката партија на Македонија, одржувањето на Преспанското советување, објавувањето на Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Објавувањето на Прогласот на Президиумот на Второто заседание на АВНОЈ до народите на Југославија, објавен е Приговорот на АНОК на Македонија на Манифестот на Главниот штаб на НОБ на Македонија, писмото на Кузман Јосифовски Питу до членовите на ЦК КПМ, одлуката за формирање на Верско поверенство при Главниот штаб за Македонија, одржан Свештеничкиот собир во Издеглавје.....

Историјата е сведок кој укажува на улогата која црквата ја одигрува во животот на секој човек во општеството. Религијата преставува важен дел од развојот на државата. А државата пак преку своите правни акти ја уредува положбата на религијата, а индиректно и на религиските институции. Во зависност од историскиот развој на државите, тие одбираат дали ќе бидат држави во кои важно место ќе има религијата, која ќе соработува со власта или ќе се определат за моделот на секуларни држави, кои ја пропагираат идејата за одвоеност на државата од религијата како што бил примерот со Федерална Југославија.

Иако со највисокиот правен акт Црквата е одвоена од државата, државата ја контролирала Црквата. Формално- правно тоа го правела со посредство на својата Верска Комисија, како надлежен државен орган одговорен за следење на надворешниот живот на верските заедници, нивните меѓуверски односи и состојбата на црквите во државата, но и неформално, преку Свештеничкото здружение, кое било основано и кое дејствувало под нејзина контрола.

Всушност целта на нашето истражување беше токму развојот и создавањето на современата македонска држава и појавата на македонското црковно прашање. Но и нивниот меѓусебен однос.

Во текот на 1943-1946 година ќе бидат донесени многу важни одлуки за македонската држава но и за македонската црква која како што напомнав погоре

тие се неодвоиви  и само така може да се проучуваат. Па затоа и идеата за самостојна црква е предвесник на идејата за создавање на македонска  држава.

Значи дека идентитетот на македонскиот народ и држава е неразделно поврзан со Македонската црква. Така македонската држава била свесна за улогата што ја има религијата во градењето на нацијата, па затоа на оваа прашање му е посветено соодветно внимание од нејзиното создавање до денес.

Од создавањето на современата македонска држава  со одлуките на АСНОМ односите помеѓу државата и верските заедници во неа биле предмет на сестрано интересирање од страна на државата. Впрочем во овој период започнува процесот за црковно осамостојување и борбата за возобновување на древната Охридска архиепископија. И покрај жестокиот отпор на Српската православна црква кој во континуитет трае до ден денес.

Во периодот на заедничко живеење во рамките на југословенска федерација политичкото раководство на федерална Македонија во обидите да ја зајакне самобитноста на македонскиот народ и неговиот идентитет и дава подршка на Македонската првославна црква, како најголема верска заедница во државата, да добие црковна независност од Српската православна црква.

Историјата ни покажува дека православната вера и црква навлегле дури во сржта на македонскиот народ, што допринело до создавање на една симбиоза на црквата, државата и општеството. Па така животот на македонскиот народ можеме слободно да го изедначиме со животот на  Македонската Православна Црква. Православната вера и православната Црква длабоко се вкоренети во битието на македонскиот народ и на сите оние кои што  живеат на територијата на Македонија и  ја  имат прифатено православната вера како своја.

Затоа ќе  констатираме  дека историјата на македонскиот народ ја обединува и историјата на Македонската православна црква, ниту Македонецот ниту Македонија  биле надвор од Македонската православна црква.

Тој органски соживот на народот, црквата и државата во Македонија е непрекинат и нераскинлив уште од времето на турското ропство, прку балканските војни, Првата светска војна, Втората светска војна па се до денес.

Македонската православна црква секогаш, низ историјата, била носител и духовен чувар на националниот и културниот историски идентитет на македонскиот народ. Во центарот на сите поголеми настани низ историјата на народите, Црквата секогаш била духовна снага на народот на кој што припаѓа.

И не само тоа: Црквата во се ја делела судбината на својот народ. Таа учествовала низ историјата во градењето и зачувувањето на македонскиот народ. Во времето на ропството, кога немало македонска држава. Македонската православна црква била не само чувар на народниот идентитет и народното наследство тука таа во себе го чувала и негувала идејата за воспоставување на македонска држава.

## С О Д Р Ж И Н А

Предговор ............................................................ ...... ...................................... 2

Вовед ........................................................................................................................ 3

ГЛАВА ПРВА

1. Развојот на НОБ на Македонскиот народ и создавањето услови за свикување на Првото заседание на АСНОМ ........................................................................... 9

1.1. Создавање на слободни територии како основа за свикување на АСНОМ ...... 17

1.2. Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ .................................................. 22

ГЛАВА ВТОРА

2. АСНОМ и конституирањето на Македонија како федерална држава во Југословенската федерација ........................................................................................ 30

2.1. Законодавни акти донесени на првото заседание на АСНОМ........................... 37

2.2. Манифестот издаден од првото заседание на АСНОМ..................................... 41

2.3. АСНОМ како законодавно-извршен орган и орган на привремена влада............................................................................................................................ 44

ГЛАВА ТРЕТА

3. Положбата на Македонската православна црква во Македонија во периодот 1943-1944 година......................................... ............... ................................................ 49

3.1. Положбата на македонските епархии под бугарска власт................................ 52

3.2. Македонските епархии во рамките на Албанската православна црква...... .. .. 55

ГЛАВА ЧЕТВРТА

4. Формирање на Верско поверенство и одржување на Првиот свештенички собор на слободна територија.................................................................................. 58

4.1. Иницијативниот одбор како највисоко тело на црковниот живот во Македонија ............................................................................................. 62

4.2. Соработката помеѓу иницијативниот одбор и комисијата за верски прашања

.......................................................................................... ............... .....67

4.3. Свештеничкиот собир во Издеглавје 1943 година............................................. 72

4.4. Првиот Црковно-народен собор одржан на 4 и 5 март 1945 година.............. . 75

4.5. Резолуцијата од првиот Црковно-народен собир ............................................ ..78

4.6.Свештеничкото собрание од мај 1946 година.................................................. .. 81

Заклучок ...............................................................................................87

Содржина ..............................................................................................91

Прилог на позначајни документи............................................................ ......... 93

Користени извори и литература ............................................................ ......... .. 119

Список на кратенки ........................................................................... 122

## ПРИЛОГ

## НА ПОЗНАЧАЈНИ ДОКУМЕНТИ

ОТВАРАЊЕ НА ЗАСЕДАНИЕТО

2 август 1944 г.

Точно во 5, 15 часот поручок при полна тишина најстариот по години член на Иницијативниот одбор Панко Брашнаров, учител од Велес, со тих и дрхтав глас го отвара заседанието со следните думи:

„Другарки и другари народни претставители,

Во овој момент, во ова историско место Св. Отец Прохор Пчински и на овој историски ден – ИЛИНДЕН–, кога објавувам дека е отворено Првото Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија, душава ми е преполна со радодост и пред премрежените очи гледам како се раздвижиле сите реки од Пчиња до Вардар до Места и до Бистрица, заплискувајќи ја целата македонска земја, сакајќи од македонскиот народ да го измијат десетвековниот ропски срам од пропаста на Самоиловата држава, за да се роди денеска нова, светла и слободна македонска држава.

Во овој момент, земјата на нашите покојници - многубројни народни херои, кои што паднаа и ги посеаа коските по цела Македонија, им станува полесна и тие во мир веќе го гледаат изгревот на нашата слобода, ја гледаат идеалната дружба старите илинденци - на Гоце Делчев и на денешните илинденци - младата македонска војска, и поставените темели за остварувањето на идеалот, на две поколенија, на две епохи- слободна, обединета Македонија.

Во знак на почит кон паднатите јунаци, ве поканувам да им ја изразиме со едноминутно молчење нашата вечна, бескрајна благодарност. Вечна слава на паднатите херои за слободата на Македонија!

Другари народни претставници, жив сведок сум на два Илиндена 1903 и 1944 година. Во моите спомени се нижат безброј моменти за илинденската народна епопеја за Крушевската република. Бескрајни беа напорите на вооружениот македонски народ, огромна беше жедта за слобода, борбата го дарува со слободна Кришевска република. Но, разјарениот башибузук и турската регуларна војска се нафрлија и го затрупаа оазисот на слободна Македонија-Крушевската република, го задушија востанието и го стегнаа искрвавениот народ во ново ропство.

Животворниот извор на слободата не секна. Македонија ја поделија, ропствата се сменија, но борбата на македонскиот народ не престана. Кога сите поробени народи на Југославија се дигнаа против денешниот непријател на целото човештво- фашизмот, и македонскиот народ се нареди во таа борба. Тој во неа

виде можност да ја помогне општата борба, на сите поробени народи и на целото слободољубиво човештво и да го оствари својот вековен национален идеал.

И ете, како резултат на тригодишните крвави борби, македонскиот народ ја врза својата судбина со судбината на сите југословенски народи, помогна, со крв и со борба, да дојде до нова братска, демократска и федеративна Југославија. Денес на вториот славен Илинден, последен Илинден на неослободена Македонија, се ставаат темелите на македонската држава, во која што нашиот народ ќе се обедини и ќе заживее онаков среќен живот каков што заслужува по своите претрпени ропски маки и петвековни борби.

Да е жива нашата мила македонска федерална држава!

Да е жива федеративна, демократска Југославија, заеднички покров на гратските јужнословенски народи!"

ДАРМ, фонд:АСНОМ, Зборник. АСНОМ 1944-1964, ИНИ, 1964;

Документи за борбата на македонскиот народ..., т. 2, док. 275, стр .555 -556.

РЕФЕРАТ

ОД ЕМАНУИЛ ЧУЧКОВ,

„НАРОДНО-ДЕМОКРАТСКАТА ВЛАСТ ВО МАКЕДОНИЈА"

ПОДНЕСЕН НА ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ:

(2 август 1944 год.)

"Другари и другарки,

Ние денеска едвам веруваме на очите си. Ние, синовите на еден вечно поробен народ, на една одречена нација, ние сме народни претставители во првото македонско Народно Собрание, градители на македонската државност.

Најкрајниот резултат на тригодишната борба денеска е веќе спе-чален за целата тешка борба, за сите паднати жертви, ние имаме оправдание зад нашиот народ. Ние имаме прво македонско Народно Собрание.

Неволно мислата ми се враќа назад три години, за да си спомни за онаја шака јунаци, кои први излегова во планините и започнаа борба на живот или смрт. За онија гиганти, од крвта на кои започнаја да се пишат најславните страници на македонската историја. На позив на Комуниастичката партија на Југославија, во време кога непријателот беше најсилен, ни за миг не се поколебаја да го грабнат оражието против германо-бугарските тлачители на нашиот народ. Загрмеја со неколку пушки и само за три години, три славни години, ние сполучифме да имаме војска, а таја војска го оствари вековниот иде-ал на нашиот народ, да го има Антифашиското собрание на народното ослободуење на Македонија-изразител на неговата суве-реност, врховен орган на македонската држава...

Това е саштествен резултат на досегашната борба.

...Нова Југославија и братството на нејните народи е вторијот саштествен резултат од досегашната борба...

Антифашисчкото веќе на народното ослободуење на Југославија и неговите решенија се третиот саштествен резултат од досегашната борба.

За борбата на народите на Југославија говори целиот свет. Сите светски весници (ги) полнат страниците со најхубави одзиви и адмирации за Југославија. Со својата геројска борба нашите народи ја спечалија љубовта и симпатијата на целото слободољубиво чо-вечество...

И ние Македонците треба да сме горди, што сме учесници во денешната праведна борба, рамо до рамо со народи, заедно со кои ја представјаваме најхеројската братска обштост, која има меѓународно признание и за борбата на која се залага цел свет. Преку таја борба македонскиот народ, не само што дојде до признание на својата национална индивидуалност, не само што заживе како рамноправен член на народите, но доби и световна извесност, стана член на Југо-славија, држава која за остварење на своите идеали може да смета на потпората на целиот слободољубив народ. Македонскиот вопрос не е вече само македонски, но вопрос на сите народи на Југославија. За неговото разрешение денеска се бијат Срби, Хрвати, Словенци, Црногорци и др. исто тка како што се Македонците бијат за слободна Србија, слободна Хрватска, и др. Тука е и најдобрата залога за оства-рението на вековниот идеал на македонскиот народ - обединена Македонија.

...Народното признание и уважение на Југосдлавија и нејните народи е четвртиот саштествен резултат на нашата борба.

...Во светлината на овије резултати требе да го гледаме и нашето прво македонско Народно Собрание. Што претстављава АСНОМ?

1. АСНОМ е врховен претставител на суверенитетот на македон-скиот народ и македонската држава. Што значат тие думи? Значат това, да македонскиот народ, преку антифашиското собрание на народното ослободуење на Македонија има право сам да одлучува за својата судбина.

Антифашиското собрание на народното ослободуење на Маке-донија е врховна законодателна и исполнителна власт. Преку АСНОМ македонскиот народ сам суверено одлучува, изразјавајќи ја демократската воља на Македонците и националните малцинства во Македонија.

Така демократски засновано, АСНОМ се разликува од сите до сега познати собранија, устојавени во бивша Југославија, Никој не може да го ограничи во неговите права и зависи единствено од демо-кратската воља на македонскиот народ.

Кој го сочињават денеска Народното Собрание? Која са и какви са народните претставители?

Сите 116 души народни претставители, собрани денеска, не се бирани на обшто, тајно и непосредно гласување, со участието на сите жени и мажи над 18 години, не е исполнет оној ред, кој ние, во прва возможност, ќе го исполниме. Присаствието на окупаторот во поголемиот дел на нашата татковина, не ни ја дава таја возможност, нашето прво македонско Народно Собрание да биде резултат на тој принцип, од кој ние нема да отстапиме...

Но, губи ли нашето Народно Собрание нешто от това, оти нашите делегати не са избрани на обшти избори, ами са испратени од народно-ослободителните одбори и војската? Не! Ние знаеме оти народно-ослободителните одбори са изникнале од најдлабоките народни

среди и оти како органи и носители на народно-ослободи-телната борба имаат поткрепа на најшироките народни маси. Исковани и проверени во најтешките условија на народно-ослободи-телната борба са наистина најдемократични органи на власта. Де-легатите испратени од тија народно-ослободителни одбори, кроз оги-нот на борбата и со крвта ја докажале својата преданост кон народните интереси и ги спечалиле доверијата на народот. Они са највистинските негови преставители... А за делегатите кои ги испра-тила нашата јуначка Народноослободителна војска можеме да кажеме оти навистина го представујат својот народ, оти навистина имат право да зборат во негово име. Они са застанали на браникот на нашата татковина, ини секидневно секисатно со крвта ја докажуват својата привраност кон народното ослободуење. Широката поткрепа која нашиот народ (и ја) укажува на нашата војска, јасно зборуја за големото доверије које широките народни маси го имат во своите војници и офицери.

Во резиме, со една дума, може да се рече оти нашиот АСНОМ е резултат на сегашните возможности за демократичност.

Каков политички карактер има АСНОМ и целата народно-демократска власт во Македонија?

Длабоко народен и демократски - луѓе со разни политички убе-жденија, различни политички проблеми, различни по вера и нацио-налност, се застапени тука. На дело (ги) имаме тука уединети сите демократски снаги во Македонија.Соединува ги народноослободителната програма на сите народи во Југославија и убежде-нието оти само преку вораженaта борба против окупаторот и не-говите слуги ќе дојде македонскиот народ до својата национална слобода и равноправност.

Који са органите на Антифашиското собрание на народното осло-бодуење на Македонија?

1. АСНОМ ќе има Президиум, кој ќе (се) састои: од председател, два потпретседатели, два секретара и најмалку 16 члена. Президиумот е претставител, од името на АСНОМ, на државниот суверенитет на Македонија и врховна законодателна и исполнителна власт, од едно до друго заседание на АСНОМ, на кое е одговорен за својата работа.

2. Народно правителство-Национален комитет на Македонија кој бива назначаван од президиумот на АСНОМ и (ја) вршо и цело-купната исполнителна должност. Одговара пред Президиунмот, т.е. АСНОМ. Но, за сега неговата функција привремено ќе се врши од Президиумот, се додека условијата не наложат нужда за образување од страна на Президиумот на одговорно народно правителство.

3. Помошни органи:

Комисији:

а) При Президиумот на АСНОМ требе да образуваме една десетчлена законодателна комисија, која ќе (ги) приготвуе и предла-га на Президиумот и АСНОМ нарачаните од него законопроекти-решенија.

б) Поради комплицираниот верски проблем, за да се озозможи слободно вероисповедание на сите различни верски припадници, и (да) им се даде полна верска слобода, при Президиумот требе да се образува смесна верска комисија.

в) Исто така, нужна е една специална комисија, која ќе има мандат од Президиумот да (ги) испита и утврди сите злочини, грабежи и др. извршени од окупаторската власт во Македонија, да (ги) утврди штетите причинетии на народното стопанство и (на) отделните лицаи да (ги) пронајде кривците за да тие (го) получат заслуженото на-казание, по принципот утврден од сојузниците во денешната војна: оти секи виновен ќе одговара на место престаплението си каде и да се најде тој.

Во самиот Президиум исполнителната власт ќе се врши преку нужен број отдели. Тија отдели ќе работат привремено, до образува-нието на Народното правителство. Президиумот натрешно ќе си (ја) раздели одговорноста за поедините отдели на Народното Собрание. Президиумот одговара за работата на секој отдел, како целина.

АСНОМ и Президиумот (го) представљават врховното управ-ление на Македонија. Но кои за неговите органи, преко кои во народот управлението (ќе ја) спроведува народната власт и каква е саштината на таја власт. Това са народно-ослободителните одбори: обласни, околијски, обштински и селски.

Народно-ослободителните одбори по хиерархијски ред са во крајна линија одговорни на АСНОМ.

Народно-ослободителните одбори са единствена гражданска власт во Македонија и (ги) вршат сите функцији на една привремена, но целостбна власт. Саставени са од пленум и исполнителен комитет, и делат се на отдели, според огранките на работата. Изван нив, има само војна власт, на која они (и) помагат и соработуват со неја.

Народноослободителните одбори се развија наред со првите партизански одреди, како органи на борбата. Но, со развитието на борбата, они ги прошируват своите функции и израстуват денеска во државни органи. Нивната саштина и состав се длабоко демок-ратични. Това са широки народни организации, који покажаја во те-чение на борбата оти са способни да на руините на окупаторската ненародна власт, држана со полицајци и бајонети, воспостават нов тип народна власт, и по системот на организацијата и по нејното народно обележје. Новата народно-демократска власт не засега коренино во досегашниот друштвен ред, не ги кутнува од основите сегашните социални темели, ами на базата на најширока демократија ги изменува методите и целите на управлението.

След последните одлуки на АВНОЈ, значението (на) НОО доби прав израз. Они веќе засегнуват во сите огрански на народниот живот и рајководат со државната работа. Најкарактеристичното обележје е да тие одбори уште во војната, обединувајќи (ги) на конкретна работа сите демократски снаги на нашиот народ (ги) спро-ведуваат во живот тековините на народно-ослободителната борба. Не пропагират само, но веќе и на дело (ги) оживотворуват прин-ципите за кои се пролеа толку скапа крв.

Во неослободените и полуослободените краишта на Македонија, и ако не са наполно органи на државната власт, задачите на НОО треба да се прошируват од чисто пропагандно-политички, орга-низациони и мобилизирашти, во органи кои (ги) спроведуват и (им) прибавуват на окупираната територија почитание на законите и уред-бите издавани од АСНОМ. Тие НОО се органи на борбеното единство на македонскиот народ. Што поширокото им организирање, што подлабокото им продирање во масите и собирање на сите демократски сили, е нивната првостепена задача. След ослободува-њето, тие са првите органи на народната власт и неоценлива ќе им биде заслугата за брзото и ефикасното успоставуене на ред и пот-помагање на војската. Организирањето во секое село и град на НОО треба да стане парола на денот. Денес во Македонија има преку 500 НОО.

Сега со неколку думи да (го) видиме значението на така опиша-ната картина на денешната и утрешна наша народна демократска власт.

Народот од нејните дејствија и нејното поставуење и разрешение на проблемите ќе види разлика на черашните и денешните поробителски режими и новата народно-демократска власт. А таја разлика требе да се види во секоја работа и на секој чекор. Това се односи како на најосновните организациони клетки на државниот организам селски народни ослободителни одбори, па до врховниот законодателен орган - АСНОМ. На сите лежи таја одговорност за подигнуење на кадар, фиксирање на најважните проблеми кои требе уште од сега да бидат најправилно разрешени...

Само ако фрлиме најбегол поглед на работата и проблемите со кои ќе се нагрбат поедините отдели на Президиумот и (за) спрове-дување на тие задачи на НОО, ќе добиеме една сосем не полна, но за илустрација достаточна картина. Сегашното војно положение и развојот на НОБ може да не исправи утре пред разрешение на низ економски, финансиски, управни, здравствени и др. задачи, и затова требе да ги гледаме сите тие работи од една блиска перспектива, како наша непосредна иднина. Сите подручја на јавниот ни живот, уште од сега требе во обшти контури да ги имаме изјаснени... Првото нешто што требе да ни е јасно, това е оти сите проблеми треба да ги поставиме, со оглед на това утре Македонија ќе биде дел на Југославија. Рамката на нашата државно-политичка, управна, економска, судска и др. дејност е Југославија...

...Најважниот проблем е прехраната. Овогодишниот систем на окупаторот и во Македонија е најсуровиот до сега...Ние знаеме, при таков систем, доколку селанецот не сокрие нешто, формално ќе гладува. Освен това, окупаторот ќе се потруди што поскоро да (го) изнесе житото од Македонија...Затоа се налага образување при сите НОО на стопанските комисии, који да го проучат проблемот за прех-раната во своите реони...Во пасивните краишта тој проблем е уште поактуелен. Тие комисии ќе бидат од голема полза и за економското одделение на Гл(авниот) Штаб за прехрана на војската и населението. Со сегашната вршидба НОО би требало да развијат најширока пропаганда за криене на храните за скоро ослободуење. Економските комисији требе да (го) проучат и вопросот за семето, (за) интензивната обработка на земјата на есен...за земљоделската меѓусебна помош во работна рака, алати и добиток, проблемот на државната земја, изоставената

земја, земјата на народните непријатели, за прехрана и збринување на бежанци, погорени села и интернирани фамилији, на фамилији на убиени и други. Најсетне, требе да се изработи план за ситемот на контролата на целото производство, распеределба на произведените продукти и разменаta.

Во нашата минијатурна индустрија, со оглед на нуждите на насе-лението, се налага организирането им за максимум производство на онија артикли, кои се нужни за војската и населението, како артикли од прва необходимост.

Економскиот отдел требе да има од сега преглед на возможности-те на нашето занајатчиство и да предвиди план за создавање брзо на работилници и друго за нуждите на војската и населението. Обновата на престаналите да работат работилници е една од задачаите. Во нашата финансова политика, ние ќе бидеме исправени најнапред пред проблемот на монетата, како ќе се регулира левот како платежно средство по одношение на другите платежни средства во Југославија.

Во здравствениот отдел сме поставени пред разрешението на за-дачата за организиране на здравствената и хигиената служба во војската и (кај) цивилното население, прибирање и подготвуење на кадар ,...сузбивање на епидемија, пројект за организирање на амбу ланти, масовни прегледи, вакцинација, први породилишта и проблем со санитетски материјал.

Добро планирано и организирано судство ни наметнува израбо-тување на најнужните основи, привремени правила, по кои судските комисији при НОО ќе судат. Во ним нашиот народ требе да види ефикасен и брз заштитник на онаправдениете. Особено грижа требе да посветиме на станалите промени во собственоста на земјата и зградите, кое е извршено на штета на нашиот народ во време на окупацијата, како и на натрупаните шпекулатски капитали итн.

Проблемот на просветата е тешка задача за себе. Изработката на основни учебници за нашите школи, во кои ќе се учи на македонски јазик, курсовите за неписмени и др., не испавуват пред еден не-опходен проблем за изработка на една граматика, речник и др. за да може на нашиот јазик да се пише и учи и да стане официјален јазик на нашата администрација. Затова, назначавањето на една одговорна комисија за отанчавање на нашиот јазик е една неопходимост.

Не можам да пропуштам, а да не (ја) споменам нуждата од орга-низирането на еден знанствен - научен институт, кој да се нагрби со прибирането и приготвуенето на оној историски и научен материјал, од кој има нужда нашата народно-ослободителна борба, како сега, така и по ослободувањето. Това го изускува утрешната заштита на нашата национална кауза. За тaја цел, требе да се приберат сите онија луѓе кои се занимават со наука, и (да) им се определи тaја одговорна работа.

...се приближаваме до брзиот крај на војната и до нашата победа. Крајот може да настапи секој момент и затова во денешната фаза на борбата пред нас не се поставува веќе само прашањето како да го биеме окупаторот, но и како да (ја) сочуваме спечалената слобода на

нашиот народ и (да) му се дадат онија човешки права за кој се тој толку бореше....Ние ќе се биеме се додека последната стапка на окупаторот не биде избришана од нашата земја, но и ќе се приготвиме да имаме наша власт, да е способна да (ги) сочува крваво спечалените плодови. Ние не си правиме илузији оти со слегувањето во градовите нашата борба е свршена и знаеме оти допрва за нас се поставува борба за разрешувањето на сите поброени и многу други задачи.

Драги другари и другарки,

Нашиот пат е пат на националната борба и заштитата на живот-ните интереси на народот. Нашиот пат е прав, оти е покапан со крв и посејан со коски на нашите незабравими другари по најстрмите патеки на македонските планини. Не требе од това поголеми доказателства. Но сакаме ли поголемо признание оти сме на прав пат, од одушевлението со кое нашата борба и програма ја поздравуват сите Македонци во Америка и Канада? И ако далеко од нас, (тие го) осетиле пулсиранетио на народното срце, изразуват готовност да (ја) помагат нашата борба. Комитетот “Победа”, феде-рација на Македонците, листот „Народна воља”, сите (го) поздра-вуват нашето правилно становиште и геројската ни борба. Скоро, преко лондонското радио и норвежанинот Брелсфорд, кој (го) позна-вал нашиот вопрос, (го) поздравил со радост решението на македон-скиот вопрос и зајавил дека победата и мирот на Балканите ќе бидат обезбедени со признавањето и ослободувањето и братство и единство кое ќе се создаде како резултат на това собитие. И навистина, ако некој скрбеше, дека заради него се водеја (низ) историјата крвави борби, диктувани од империјалистичките клики, во кои паднаја толку братски жертви, а нашата национална слобода заради таја јагма беше винаги потапкувана, това бевме ние, Македонците.

Но кога денеска, со признавањето на македонскиот народ се создават нови перспективи за братството и единството на јужно-славјанските народи, па и сите балкански народи и кога ние од при-чина за раздор се преобрнуваме во алка за таја солидарност, требе да сме среќни и горди. Требе да се среќни и горди и сите народи на Југославија, што со својата боба сестрано (го) потпомагаја това свето дело.

Затова, прегрнете (ги) сите сили и способности во служба на нашите народи, да истрајеме до крај, како прави пионери на утрешна слободна Македонија, во нова, демократска, федеративна Југославија.”

Брошура „Прво заседание на АСНОМ-Илинден 2 август 1944”,

ДАРМ, фонд: АСНОМ(157), Кут.1., инв. бр. 3294; Зборник АСНОМ..., стр.183-258;
Документи за борбата на македонскиот народ..., т. 2, док. 275, стр .582 -590;

ЗАПИСНИК

ОД ПРВАТА СЕДНИЦАНА ПРЕЗИДИУМОТ НА АСНОМ: ФОРМИРАЊЕ ПОВЕРЕНСТВА, АДМИНИСТРАТИВНА ПОДЕЛБА НА МАКЕДОНИЈА, ИСПРАЌАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО НКОЈ И ВО СТРАНСТВО

(Рамно, 6 август 1944 год.)

„З А П И С Н И К  Бр. 1

Од Првото заседание на Президиумот на АСНОМ, одржано на 6 август 1944 година, во училиштето на с. Рамно.

Заседанието го отвара претседателот Методи Андонов-Ченто, со следниот дневен ред:

Предлог за кооптирање на нови членови на АСНОМ; Формирање на отдели (поверенства) при Президиумот и избирање раководни лица (повереници);

Организирање поделбата на области во Македонија и избирање лица за спроведување на организацијата на тија области (НОО);

1. Избирање лица за испраќање при Националниот комитет на НОЈ и во иностранство;

Испраќање протестни телеграми по повод говорот на Иван Шубашиќ и интервјуто на Сава Косановиќ....

...По втората точка, формирање на отдели при Президиумот и избирање раководни лица (повереници), после опширна дискусија, по предлогот на претседателот М. А.-Ченто, кој претрпе многу измени, се усвојуват, со оглед на денешните нужди, следните осум отдели и нивните раководни лица:

1.Поверенство за информации -Панко Брашнаров,

2.Поверенство за внатрешните работи - Киро Петрушев,

3.Поверенство за просвета- проф. Епаминонда п. Андонов,

4.Поверенство за народно стопанство и обнова -инж. Лазар Соколов,

5.Поверенство за финансии-Благој (треба Богоја, н.б.) Фотев,

6.Поверенство за соопштенија и градежи - Страхил Гигов,

7.Поверенство за социална политика - Ацо Петровски,

8. Поверенство за судство -Петар Пирузе.

По третата точка, за организирање поделата на Македонија, по оглед на денешните нејзини потреби, се усвојува предлогот на претседателот Методи Ченто со едно изменение-нерприхватување на окрузите. Македонија се дели на следните четири области: Скопска, Битолска, Штипска и Кичевско-дебарска. Областите се делат на околии и на општини. Окрузите се укинуваат и лицата избрани во нив а се приклучуваат во областа.

За организирање на НОО-и при тие области, се овластуваат следните членови на АСНОМ, кои се за таа цел ополномоштуваат: ...

...По четвртата точка, избирање лица за испраќање при Нацио-налниот комитет на НОЈ и за иностранство, се усвојува следното:

I При Националниот комитет на НОЈ, да се испратат:

1. Кирил Глигоров
2. Лазар Соколов
3. Ацо Петровски
4. Богоја Фотев
5. Методија А. Ченто

II За Бари:

1. Д-р Владимир Полежина
2. Илија Цувалековски

III За Москва:

1. Димитар Влахов
2. Венко Марковски

По петата точка, испраќање телеграми, протести по повод говорот на претседателот на југословенската емигрантска влада во Лондон г. Ивана Шубашиќ и интервјуто на министерот Сава Ко-сановиќ, се дојде до согласие да се испрати таков телеграм до претседателот на Националниот комитет на НОЈ маршал Тито, оти се најде да таквите постапци наносват штета на народно-осло-бодителбата борба на македонскиот народ, па спрема това и на останатите народи на Југославија.

Во точката „разно"

1.Пошто се увиде потребата да се има едно платежно средство, се усвојува издаването на бонови;

2. Да се издадат во наскоро време легитимации на сите народни претставители на АСНОМ...

3.Се усвојува, исто така, предлогот на претседателот Методи Ченто да се испратат писма до известни лица, кои ќе се повикат да се придружат на народно-ослободителната борба на Македонија.

...5. Увидувајќи ја големата потреба за објавување течењето (на) и историско заседание на АСНОМ, се захтева от (пот)претседателот Панко Брашнаров да се постара да се што побрго отпечати и излезе брошурата одредена за таа цел.

След исцрпувањето на дневниот ред, заседанието се заклъучи.

| Секретар, | Претседател, |
|---|---|
| Д-р Владо Полежина, с.р. | Методија А. Ченто, с.р." |

Членови

Л.Соколов, с.р

К. Петрушев, с.р.

Е. Поп Андонов, с.р

ДАРМ, фонд:АСНОМ, Зборник. АСНОМ 1944-1964, ИНИ, 1964;

## РЕШЕНИЕ ДОНЕСЕНО НА ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АСНОМ ЗА ВРХОВНО, ЗАКОНОДАВНО И ИЗВРШНО НАРОДНО ПРЕТСТАВНИЧКО ТЕЛО И НАЈВИСОК ОРГАН НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ НА ДЕМОКРАТСКА МАКЕДОНИЈА

(2 август 1944 год.)

### Р Е Ш Е Н И Е

на Антифашистичкото собрание на народното ослободуене на Македонија како врховно законодателно и исполнително народно претставително тело и највисок орган на државната власт на демократска Македонија (АСНОМ)

Чл. 1

ОсноваjЌи е на суверената воља и правото на самоопределение на народот на Македонија, чии верни толкователи се прêтставителите на ова Собрание, а во согласие со решениата донесени на II заседание на АВНОЈ...во град Јајце-29 ноември 1943 год.- Антифашистичкото собрание на народното ослободуене на Македонија (АСНОМ) се конституира во врховно законодателно и исполнително претстави-телно тело на Македонија и (на) македонската држава, како рамноправна федерална единица во демократска федеративна Југославија...

Чл. 2

АСНОМ (ја) врши законодателната и исполнителната функција на македонската федерална држава, до колку таја функција не ја префрли на својот Президиум и на Народното правителство на македонската држава.

Чл. 3

АСНОМ го образуваат народните претставиterли, без разлика на народност, вероисповедание, пол, раса и политическо-партијска припадност, кои се дали доказателство, оти ја прихваќат борбата за самостојателност и слобода на народот

на Македонија и народно-ослободителната борба на сите останали народи од Југославија, а покрај това се непомирливи непријатели на окупаторот и неговите помагачи.

Чл. 4

Законодателната власт АСНОМ ја врши на своите пленарни заседанија, а во времето меѓу заседанијата тaја власт ја врши преку Президиумот.

Исполнителната власт АСНОМ ја врши преку својот Президиум и преку Народното правителство на македонската држава.

Чл. 5

АСНОМ и Народното правителство на македонската држава се врховни органи на народната власт во македонската држава како федерална единица во федеративна Југославија,

Имајќи (го) пак предвид сегашното развитие на народно-ослобо-дителната борба и степенот на изградуенето на власта во општата држава, а како уште ги нема сите условија за образуванeто на Народното правителство на македонската држава, функцијата на Народното правителство ќе ја врши времено ПРЕЗИДИУМОТ НА АСНОМ.

Чл. 6

АСНОМ си избира свој Президиум, кој е составен от прêтседател, два потпредседатели, два секретара и најмалку други 16 (шеснаесет) члена.

Чл. 7

За својата работа Президиумот одговара пред АСНОМ.

Чл. 8

Сите законодателни решениа на АСНОМ и неговиот Президиум се објавуват со потписите на претседателот и секретарот на АСНОМ односно (на) неговиот Президиум.

Чл. 9

На територијата на Македонија важат законите на федералната македонска држава и законите на федеративна и демократска Југославија.

Чл. 10

До формирането на Народното правителство на македонската држава при Президиумот на АСНОМ се образува нужен број на отдели за разните гранки на државното управление.

Секој отдел се управљава от началник на отделот. Началникот на отделот ги води работите на отделот, под раководството и контролта на член от Президиумот, на кого и одговара.

Чл.11

Народното правителство на македонската држава, односно до неговото образование Президиумот на АСНОМ, има функција на народно правителство, основајќи се на решенијата на АСНОМ, а во согласие со решениата на АВНОЈ, како и заповедите и решениата на Националниот комитет на ослободуењето на Југославија, донесуе заповеди и решениа и (го) контролира нимното спроведуене во маке-донската држава.

Чл.12

Народното правителство на македонската држава, односно до неговото образование Президиумот на АСНОМ, има право да (ги) отфрли заклучениата и заповедите на сите народно-ослободителни одбори, ако не се во склад со законите на македонската држава.

Чл.13

Работите на секое заседание на Собранието ги води Работното претседателство, изабрано само за това заседание. Ова претседател-ство е составено от претседател, потпретседател, два секретара и најмалку 5 члена.

За секое заседание се избира и верификациона комисија...

Новото заседание го отвора Претседателот на претходното засе-дание, предлагајќи избор на ново работно претседателство.

Чл.14

Ова Решение влегува веднага во сила.

Во манастирот “Св. Отец Прохор Пчински”, на ИЛИНДЕН, 2 август 1944 год.

| Секретар, | Претседател: |
| --- | --- |
| Љупчо Д. Арсов | Методи Андонов-Ченто |
| Љ. Арсов, с.р. | М.А.Ченто, с.р. |

ДАРМ, фонд: АСНОМ (157), кут. 1;

Зборник АСНОМ 1944-1964, ИНИ, 1964;

Докумети за борбата...., док 276, стр 590-591;

ПРЕЗИДИУМОТ НА АСНОМ,

ИЗБРАН НА ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ

,,ПРЕЗИДИУМ НА АСНОМ

Претседател - Методи Андонов Ченто, трговец от Прилеп,

I. Потпретседател - Панко Брашнаров, учител от Велес

II.Потпретседател - Емануел Чучков , директор на гимназија от Штип

Секретари:

Инж. Љубомир Арсов, банкарски чиновник от Штип

Д-р Владимир Полежина, правник от Кичево

Членови: Венко Марковски, поет от гр. Скопје

Цветко Узуновски, работник от гр. Преспа

Богој Фотев, землоделец от с. Бистица, Битолско

Михаил Апостолски, генерал-мајор, командант на НОВ и ПО на Македонија, от гр. Штип

Страхил Гигов, началник на персоналното оделение на Главниот Штаб на Македонија, от гр. Велес

Петре Пирузе, адвокат от хр. Охрид

Кирил Петрушев, типографски работник от гр. Скопје

Јован Гјоргов, свештеник от с. Дреново, Кавадарско

Ќемал Аголи, студент на филозофија, от гр. Дебар

Епаминонда поп Андонов, професор от гр. Струмица

Генадие Илиев Лешков, землоделец от с. Дреново, Бродско

Инж. Лазар Соколов, економист от гр. Куманово

Вера Ацева, домаќинка от гр. Прилеп

Камбер Хасан, землоделец от с. Долно Дисан, Кавадарско

Ацо Петровски, кројач от гр. Скопје

Младен Гјоргиев Челопечки, землоделец от с. Челопек, Кумановско

Лилјана Чаловска, студентка от гр. Битола”

ДАРМ, фонд: АСНОМ (157),

Зборник. АСНОМ 1944-1964, ИНИ, 1964;

М.А.Ченто-документи и материјали..., док.34, стр.104-105;

# ЦИРКУЛАРНО ПИСМО ОД ВЕРСКИОТ РЕФЕРЕНТ НА ГЛАВНИОТ ШТАБ НА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈСКА И ПАРТИЗАНСКИТЕ ОДРЕДИ НА МАКЕДОНИЈА ВЕЉО МАНЧЕВСКИ ДО СВЕШТЕНИЦИТЕ ВО ПАРОХИИТЕ НА СЛОБОДНАТА ТЕРИТОРИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

27 октомври 1943 г

Главниот штаб на народноослободителната војска и

Партизанските одреди на Македонија

До свештеникот во село______________

„Народно-ослободителната војска, во борбата за слободата на македонскиот народ, ослободи еден дел от територијата на Македонија. Во таја ослободена територија се најдуе и вашето село. Народно-ослободителната војска на Македонија, на таја ослободена територија заведуе ред, законитост и дисциплина, на која треба да се покорујат како поедини лица, така и извесни управни тела, било верски било от друг карактер.

При Главниот штаб на Н. О. В. и П.О. на Македонија има и одговорно лице по верските работи - верски референт. Како верски референт по Источно-православната вера при Главниот штаб, јас долу-потписаниот, сметам за потребно да ви дадам извесни упуства за вашата работа во иднина:

1. Со успоставуењето на Народно-ослободителната власт престанујат да важат сите закони и наредби от бившата окупаторска власт.

2. Се кинат сите верски врски со верските установи што се најдувајат надвор от територијата на ослободената македонска земја.

3. Сите свештеници на ослободената територија административно потпаѓаат под власта на Главниот штаб на Н.О.В. и П.О на Македонија.

4. Сите свештеници својата верска работа со населението ја извршујат по правилата на Источно-православната црква како и до сега што беше (венчавка, погребуење, крстење и други верски работи).

5. Матичните и други книги да се водат на македонски јазик.

6. Строго се забранува на сите свештеници да земајат високи такси за исполнуењето на верските обреди.

7. Сите спорој (брачни или други) што ќе се појават, свештениците требе да ги достават на Околиското Наместништво на ослободената територија, које ќе биде скоро избрано, или до Главниот штаб, пред да биде избрано Наместништвото.

8. За сите работи, који ќе се појават во текот на работата, а истите не са изложени во писмово, веднаш да се извести Намесништвото за саветуење и за разрешуење.

9. Се задолжујат сите свештеници во својата парохија да држат проповеди во који ќе му кажат на народот дека Народно-ослободителната војска не прави никакви пречки на вероисповедувањето и дава полна слобода на свештениците да си ја вршат својата верска работа како и до сега.

10. Досегашното споменуење на епископот Христофор се забрануе, пошто истиот е надвор от ослободената територија, а ќе се споменујат само Православни Архиепископи и Епископи - без име. Исто така, на ектенијата (црковно пеење) ќе се споменуе Народно-ослободителната војска т.е. „Ешче молимсја о Народно-ослободителном воинствем".

Верски референт
При Главениот штаб на
Народно-ослободителната
војска и Партизанските одреди на Македонија
(Вељо Тасев Манчевски), свештеник
Вељо Т. Манчевски, с.р. –свештеник
от град Дебар

ДАРМ, фонд: НОБ (543), кут. 35;

Зборник. АСНОМ 1944-1964, ИНИ, 1964;

Докумети за борбата...., док 261, стр 537-539;

РЕШЕНИЕ

НА АНТИФАШИСКОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУЕНЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ЗАВЕДУЕНЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК КАКО СЛУЖБЕН ЈАЗИК ВО МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА

Чл. 1

Во македонската држава како службен јазик се заведува народниот македонски јазик.

Чл. 2

Ова решение влегуе веднага во сила.

Во манастирот „Св. отец Прохор Пчински", на ИЛИНДЕН 2 август 1944 година.

За Антифашиското собрание на народното ослободуене на Македонија.

Секретар: Претседател:

Љупчо Д. Арсов, с. р. Методи Андонов-Ченто, с. р.

Зборник АСНОМ 1944-1964, ИНИ, 1964;

Докумети за борбата...., док 278, стр 594;

РЕШЕНИЕ

НА АНТИФАШИСКОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУЕНЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРОГЛАСУЕНЕ НА ИЛИНДЕН — 2 АВГУСТ -ЗА НАРОДЕН ДРЖАВЕН ПРАЗНИК НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА

Чл. 1

Илинден 2 август се прогласуе за народен државен празник на македонскиот народ и македонската држава, како симбол на сите негови борби за неговото коначно ослободуене от вековното ропство и за создавање на слободната и суверена федерална македонска држава.

Чл. 2

Ова решение влегуе веднага во сила. Во манастирот „Св. Отец Прохор Пчински", на ИЛИНДЕН 2 август 1944 година.

За Антифашиското собрание на народното ослободуене на Македонија.

| Секретар: | Претседател: |
| --- | --- |
| Љупчо Д. Арсов, с. р. | Методи Андонав-Ченто, с. |

Зборник АСНОМ 1944-1964, ИНИ, 1964;

Докумети за борбата...., док 283, стр 599;

СПИСОК НА НАРОДНИ ПРЕТСТАВИТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА ИЗБРАНИ ЗА ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ

Народни представители- членови на АСНОМ

Тодор Пецов Циповски, работник, Тетово; инж. агр. Јордан Блажевски, Тетово; Чедомир Филиповски, работник, поруч-ник на ХОБ, Гостивар; Александар Георгиев, градежен инжинер, Гостивар; Видоје Смилевски, банкарски чиновник, Гостивар; Д-р Владимир Полежиноски, јурист правник, Кичево; Злате Тренески,земноделец, Кичево; Кирил Стојанов, свештеник, Дебар; Кемал Аголи, студент филозофије, Дебар; мајор Тихомир Ми-лошевски, командант на Ш-та македонска бригада, с. Битуше, Галичко; Елисије Поповски, банкарски чиновник, Маврово; Мино Минов, работник, Маврово; Д-р Кирил Миљовски, ветеринарен лекар, Битола; мајор Вангел Чукаловски, командант на 1-та бригада, Битола; Богоја Фотев, землоделец, Бистрица; капетан Коста Јашмакав, началник Штаба на Ш-та бригада, Битола; Петар Стојанов Манговски, адвокат, Битола; Вааил Капа Анге-ловски, заменик командант на 1-та бригада, земеделец, Битола; Нафи Сулејман, землоделец, Битолско; Лилјана Чаловска, сту-дентка, Битола; Илија Илијески, адвокат, Битола; Цветко Узу-новски,работник, Ресен; потпоручник Наум Ташков Василев-ски, заменик командант на Ш-та бригада, Ресен; Јонче Колев ТрпевскЈИ, работник, Ресен; Георги Ивановски, учител, Ресен; Илија Божиновски, чиновник, Ресен; Петре Пирузе, адвокат, Ох-рид; Лазар Гиновски, землоделец, Белчишта; Кирил Петров Чаулев, студент, Охрид; Владо Малески, студент права, Струга; Методи Андонов-Ченто, трговец, Прилеп; Вера Ацева, домаќинка, Прилеп; инж. Кирил Георгиевски, архитекта, Скопска општина, Прилеп; Борко Темелков, работник, Прилеп; Димче Стојанов Мирввски, профеоор, Прилеп; Милан Костов Стефанв, земло-делец, с. Десово; Методи Поповски, поручник, командант на Н-та бригада, Прилеп; Тодор Ношпал, трговец, Прилеп; Томо Куту-рец, приватен чиновник, Крушево; Наум Наумовски, политички комесар на 2-та бригада, Крушево; Злате Билјановски, заменик полком на ИИИ бригада, Пуста Река; Генади Илијев Лешков, зем-лоделец, с. Дреново, Бродско; Панко Брашнаров,

учител, Велес;Бано Андрејев-Ронката, полком на Главниот штаб, Велес; Стра-хил Г.игов, началник персонално оделеније, Велес; Благое Ха-джи Панзов, адвокат, Велес; Благое Левков, адвокат, Велес: Мино Богданов, чиновник, Велес; Маца Карбева, домаќинка,Велес; Стоилко Костов Иванов, учител, Ораов Дол; Ванчо Бурзевски, приватен чиновник, Св. Николе; Никола Минчев, бан-карски чиновник, Кавадарци; Диме Туриманџовски, мајор на ХОБ и ПОМ, Кавадарци; Иван Раднански, землоделец, с. Радна; Јован Георгиев, свештеник, с. Дреново; Методи Панов Джунов, землоделец, Ваташа; Камбер Асан, землоделец, Долно Дисан; Лазо Калајџиев, работник, Неготин Најдо Стаменин, работ-ник, Неготино; Лазо Мојсов, студент права, Неготино; Боро Чаушев, работник, Неготино; Ристо Балајџалиев, приватен чи-новник, Гевгели; Димитар Зафировски, журналист, Гевгели; Иван Танев, поруч. Гевгели; Јанко Шопов, техничар, Гевгели; Атанас Бојков, командант на Струмичкиот одред, с. Богданци; Никола Пеев, работник, с. Богданци; Димитар Теменугов, пол-ком на Струмичкиот одред, с. Богданци; Епаминонда поп Андонов, професор, Струмица; Благоја Минов, работник, Стру-мица; Борис Поцков, типограф, Струмица; Емануел Чучков, ди-ректор на гимназија Скопје, Штип; генерал-мајор Михаил Апостолски, командант на ХОБ и ПОМ, Штип; инж. економист Љумобир Арсов, банкарски чиновник, Штип; Кирил Глигоров, адвокат, Штип; Исак Сион, приватен чиноеник, Штип; Димче Бе-ловски, приватен чиновник, Штип; Никола Иванов Вражалски, канд. адвокат, Кочани; Кирил Михајловски, учител, Виница; Страхил Бајовски, учител, Берово; Мара Нацева, работничка, Куманово; Веселинка Малинска, приватен чиновник, Куманово; инж. економист Лазар Соколов, Куманово; Благоје Стефков, ра-ботник, Куманово; Боро Димитриев, вазодухопловен поручник на бившата, југословенска војска, Равно; Младен Георгиев, зем-лоделец, Челопек; Борис Чушкаров, учител, полком на ИИИ бригада, Куманово; Стојан Тодоровски, приватен чиновник, Куманово; Д-р Никола Мицев, ветеринарен лекар — бактериолог, Кратово; поручник Боро Милевски,командант на IV бригада, Штип; Трајко Цветанов, студент, Крива Паланка; Кирил Петрушев,типографски работник, Скопје; Венко Марковски, поет, Скопје; потггуковник, Панче Неделковски, заменик командант на Главииот штаб на ХОБ и ПОМ, Скопје; Петар Богданов-Кочко, оперски певец, Скопје; Милева

Сабо, работничка, Скопје; Ќемал Сејфула, занатлиа, Скопје; Асен Симидџиев, канд. адво-кат, Скопје; Димитар Миовски, лекар во железничката болница, Скопје; Тодор Стојанов Звездии, активен судсiш подпуковник од бивша Југославија, Скопје; Душан Лукаров, работник, Скопје; инж. Славко Поп Антовски, агроном, Скопје; инж. Часлав Раегеловски, лесничеј, Скопје; Александар Петровски, кројач — подпредседател на Стопанската камара Скопје; Атанас Ве-ликов, работник, Петрич; Васил Атанасов Ваоилев, работник, Петрич; Димитри Манцовски, землоделец, Костур; Ва сил Атанасков Ивановски, работник, Костур; Димитар Влахов публициста, Кукуш; Борис Атков, чиновник, Скопје; Перо Тиквар, работник, Прилеп; Кирил Тошев Крстев, работник, Дебарце; Васил Калајџијевски, судија, Вевчани, Струшко; Живко Брајковски, землоделец, Галичник; Трајче Трајчески, земло-делец, Црвена Вода; Абдула, работник, Прешево.

Зборник АСНОМ 1944-1964, ИНИ, 1964;

Докумети за борбата...., док 284, стр 600-601;

## КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

### ИЗВОРИ


1. ДАРМ, Фонд на Републичка комисија за односи со верските заедници

2. Документи за борбата на Македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје, 1981

3. Документи за борбата на Македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори, Скопје, 1981.

4. АСНОМ Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, том I, книга 1, Архив на Македонија , Скопје, 1984.

5.Устав на Македонската православна црква, Скопје, 1958.

6. Зборник на документи од АСНОМ, ИНИ, Скопје 1964.

7. .Автокефалноста на Македонската православна црква (документи), приредил проф. Цане Мојановски, Скопје, 2004

9. Свештени канони на Светата православна црква, Велес, 2011.


### ЛИТЕРАТУРА


1. Ангелариј, Архиепископ, Петнаесет години автокефалност, Скопје, 1982.
2. Андонов Илија Ченто, Мојот татко Методија Андонов-Ченто, Скопје 1999.
3. АСНОМ-педесет години македонска држава 1944-1994, (зборник) МАНУ, ИНИ, Скопје 1995.
4. Ачкоска Виолета, Братството и единството 1944-1974 помеѓу хармонија и дисхармонија, ИНИ, Скопје 2003.
5. Ачкоска Виолета, Лакции од историјата на современата македонска држава, Филозофски факултет, Скопје 2011.

6. Ачкоска Виолета, Македонија во југословенската федерација 1943-1991, (хронологија), ИНИ, Скопје 2001.
7. Ачкоска Виолета, Жежов Никола, Репресијата и репресираните во најновата македонска историја, Макавеј, Скопје 2005.
8. Белчевски Јован, Афтокефалноста на Македонската Православна Црква, Скопје 1990.
9. Белчовски Димитар, Зошто се негира самостојноста на Македонската православна црква, Годишен зборник на БФ „Св. Климент Охридски" - книга 1, Скопје, 1995
10. Белчовски Јован, Црква и држава, Годишен зборник на БФ „Св. Климент Охридски" - книга 2, Скопје, 1996.
11. Велјановски Новица, Државноправниот развој на Македонија, ИНИ, Скопје 1992.
12. Велјановски Новица, Македонија 1945-1991, државност и независност, II, ИНИ, Скопје 2002.
13. Димевски Славко, Историја на Македонската православна црква, Скопје, 1989.
14. Димевски Славко, Црковна историја на македонскиот народ, Скопје, 1965.
15. Ивановски Владо, Ослободителната војна во Западна Македонија 1941-1944, ИНИ, Скопје,1973.
16. Илиевски Борче, Македонско-српските црковни односи 1944-1970, Скопје, 2011
17. Историја на македонскиот народ, Том IV, ИНИ, Скопје, 2000.
18. Историја на македонскиот народ, Том III, IV, НИП Нова Македонија, Скопје 1969.
19. Илиевски Доне, Смислата на некои отпори против автокефалноста на македонската православна црква, ИНИ, Скопје 1970.
20. Илиевски Доне, Архиепископ Охридски и Македонски Доситеј, Скопје, 1995
21. Илиевски Доне, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1972.

22. Илиевски Доне, Архиепископот Охридски и Македонски Доситеј, Скопје, 1995

23. Илиевски Доне, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје, 1987.

24. Историја на македонскиот народ, Скопје, 2008.

25. Колишевски Лазар, Аспекти на македонското прашање, трето издание, Наша книга, Скопје 1988.

26. Кузман Јосифовски-Питу, време, живот, дело, (зборник) ИНИ, Скопје 1995.

27. Миноски Михајло, Авнојска Југославија и македонското национално прашање (1943-1946), "Менора", Скопје, 2000.

28. Периќ Миодраг,Историско–правните аспекти во односите меѓу Српската православна црква и Македонската православна црква, Скопје 1998.

29. Петров Петър , Христо Темелски, Църква и църковен живот в Македония, Екзархийското дело по време на Втората световна война, (Македонски Научен Институт, София, 2003

30. Поповски Нестор, Православната црква и народната револуција во Југославија, Весник на МПЦ 3, 1961.

31. Развиток на државноста на Македонскиот народ, Скопје, 1966.

32. Тодоровски Глигор, Окупацијата на Западна Македонија, Скопје 1975

33. Трајановски Александар, Возобновувањето на Охридската архиепископија кон Македонската православна црква и нејзиниот шематизам, Скопје 2008.

34. Трајановски Александар, Историја на Македонија, Скопје, 2005

35. Трајановски Александар, Црковно-народниот собор од 1945 година и ангажирањето на свештеникот Методи Гогов, за возобновување на Охридската архиепископија - Историја, Скопје, 1995-1996.

36. Цекова. М, Елдъров .С, Стоянова. В, Изследване ролята на Българската православна църква в събитията от Втората световна война и линията Метаксас, София 2012

## СПИСОК НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АВНОЈ** | Антифашистичко веќе на народното ослободување на Југославија |
| **АСНОМ** | Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија |
| **ГШ НОВ и ПОМ** | Главен штаб на народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија |
| **ДФЈ** | Демократска Федеративна Југославија |
| **НРМ** | Народна Република Македонија |
| **КПМ** | Комунистичка партија на Македонија |
| **НОАВМ** | Народноослободителна антифашистичка војна на Македонија |
| **НОБ** | Народно ослободителна борба |
| **НОВ** | Народноослободителна војна |
| **НОО** | Народноослободителен одбор |
| **НРМ** | Народна Република Македонија |
| **ЦК КПЈ** | Централен комитет на Комунистичката партија на Југославија |
| **ЦК КПМ** | Централен комитет на Комунистичката партија на Македонија |
| **СПЦ** | Српска Православна Црква |
| **МПЦ** | Македонска Православна Црква |